Општина Новаци, 7211 Новаци, Република Северна Македонија
тел. 047203060; email: opstina@opstinanovaci.gov.mk; novacio@t.mk

**ОПШТИНА НОВАЦИ**

# ИНТЕГРИРАН ЛОКАЛЕН РАЗВОЕН ПЛАН НА ОПШТИНА НОВАЦИ

# 2025 – 2028

## СОДРЖИНА


I. ВОВЕД ..... 5

1.1 Профил на општината Новаци ..... 5

1.2 Опис на институционалната рамка ..... 9

1.3 Цел на ИЛРП ..... 12

II. МЕТОДОЛОГИЈА ..... 13

III. ВЕРТИКАЛНА И ХОРИЗОНТАЛНА ИНТЕГРАЦИЈА СО ДРУГИ РАЗВОЈНИ ПОЛИТИКИ ..... 15

IV. КЛУЧНИ НАОДИ ОД СОЦИО-ЕКОНОМСКА, ЕКОЛОШКА И SWOT АНАЛИЗА ..... 16

V. ИЗЈАВА ЗА ВИЗИЈА ..... 24

VI. СТРАТЕШКИ РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ ..... 25

VII. ИЗЈАВА ЗА РАЗВОЈНИ ПРИОРИТЕТИ ..... 35

VIII. РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ, ПОТПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ ..... 36

IX. БУЏЕТ НА ИЛРП ..... 63

X. ПЛАН ЗА МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА ..... 65

АНЕКС 1: Социо-економска и еколошка анализа ..... 72

АНЕКС 2: Тематски SWOT анализи ..... 109

Анекс 3: Извештај од Форум во заедницата ..... 117

Со особена чест и одговорност, Ви го претставуваме **Интегрираниот Локален Развоен План на Општина Новаци**, стратешки документ кој ги опфаќа приоритетите и насоките за долгорочен, одржлив и балансиран развој на нашата општина.

Како локална самоуправа, целосно сме посветени на обезбедување подобар квалитет на живот за сите наши жители, преку планирани и координирани активности кои ќе ги обединуваат економските, социјалните, инфраструктурните и еколошките аспекти на локалниот развој.



**Целта на Интегрираниот Локален Развоен План** е да се создаде заедничка визија и реална рамка за развој на општината во наредните години, преку конкретни и мерливи проекти кои ќе одговорат на реалните потреби на граѓаните. Овој документ ги утврдува нашите приоритети и насоки за дејствување во периодот што следи, со јасна цел – **континуиран локален развој базиран на реални потреби, ресурси и потенцијали**. Планот ги вклучува и ги поврзува сите засегнати страни – од локалната администрација, до приватниот сектор, граѓанските организации и самите жители.

Општина Новаци има обврска, но и можност, согласно Законот за локална самоуправа, да го води и координира процесот на **локален економски развој**. Тој се темели на нашите клучни ресурси: развиено земјоделско производство, производство на електрична енергија (и од класични и од обновливи извори), како и се поголемите потенцијали за **алтернативен и меморијален туризам**, кои го отвораат патот за диверзификација на локалната економија.

Овој план ги интегрира нашите активности во:

- Подобрување на инфраструктурата,
- Зголемување на инвестициите,
- Промоција на енергетската ефикасност,
- Поттикнување на локалниот бизнис сектор,
- И секако, **развој на руралниот туризам** преку подобро искористување на природните и културните богатства.

Работата на локалната самоуправа никогаш не запира, особено кога се води една рурална, но стратешки значајна општина како што е **Новаци** – општина со голема територија, бројни населени места и специфични предизвици поврзани со руралниот развој, економската одржливост и демографските движења.

Нашата основна заложба е овој план да не остане само на хартија, туку да се спроведе преку транспарентна, одговорна и ефикасна работа на општинската администрација, со активно учество на заедницата. Веруваме дека само со заедничка соработка и континуирано вложување, Општина Новаци може да го искористи својот потенцијал и да се развива како модерна, просперитетна и одржлива средина за живеење и работа.

Ве охрабруваме сите активно да се вклучите и придонесете во реализацијата на Интегрираниот Локален Развоен План, бидејќи вистинската сила за развој лежи во заедништвото и визијата која ја споделуваме за иднината на нашата Општина Новаци.

Како градоначалник, заедно со администрацијата и Советот на Општина Новаци, цврсто се залагаме за целосна имплементација на овој Интегриран план, кој е резултат на заедничко планирање, анализа и визија. Веруваме дека со јасни приоритети, транспарентна работа и активна вклученост на граѓаните, можеме да изградиме одржлива, зелена и економски силна Општина Новаци.

Со почит,
**Стевче Стевановски**
Градоначалник на Општина Новаци

# I. ВОВЕД

## 1.1 Профил на општината Новаци

Општина Новаци има длабоки историски корени кои водат уште од античко време. Територијата на денешната општина Новаци е дел од историската област Пелагонија, позната како една од најстарите културно-историски региони на Балканот. Во античкиот период, ова подрачје било важен земјоделски и стратешки центар за античките македонски и римски цивилизации.

Во текот на средниот век, територијата на Новаци била дел од византиската и потоа средновековната македонска држава. Селата кои денес ја сочинуваат Општина Новаци постојат со векови, а дел од нив се споменуваат во османлиски документи уште од 15-16 век.

Во османлискиот период, областа се развива претежно како аграрна средина, со население кое главно се занимавало со земјоделство и сточарство. Овој рурален карактер се задржува и во текот на 19-ти и почетокот на 20-ти век.

По ослободувањето и формирањето на современата македонска држава, регионот на Новаци бил дел од административните реформи и територијални поделби. Општина Новаци како самостојна општинска единица е воспоставена по осамостојувањето на Република Македонија во 1991 година, а со новата територијална организација од 2004 година, нејзината територија беше проширена со припојување на двете општини Бач и Старавина.

Еден од клучните моменти за развојот на општината е изградбата на комплексот РЕК Битола — најголемиот енергетски капацитет во земјата — кој се наоѓа на територијата на Општина Новаци. Оваа инвестиција донесе важен економски импулс, нови работни места и стратешко значење за општината.

Денес, Новаци е модерна рурална општина која успешно го балансира традиционалниот аграрен карактер со индустрискиот развој и активно работи на подобрување на локалната инфраструктура и условите за живот на своите граѓани.

Општина Новаци се наоѓа на југозападниот дел на државата во Пелагониската котлина на надморска височина од 580 метри, на географска ширина од 41° 2′ 40″ и географска должина 21° 27′ 40″, на една од најплодните почви, т.е општината е една од најголемите житници во РСМ. Земјоделието е доста застапено, поради тоа, во овој сектор има најголем обрт на средства на годишно ниво и претставува еден од основните приходи на жителите на нашата општина.

Територијата на општината е претежно рамничарска, со плодни почви и изобилство на природни ресурси, особено земјоделско земјиште.

Климата на подрачјето на Општина Новаци е умерено-континентална, со одредени специфичности со топли лета и студени зими – според температурните

вредности е континентална, а според врнежите е до извесен степен медитеранска. Во мариовскиот регион е планинска, додека по течението на Црна Река се чувствува влијанието на медитеранската клима.

Просечната годишна температура е 10,7°C, највисоката е 41,2°C, а најниската -30°C. Вкупната температурна промена на релација поле - планина е од 20 – 30°. Најстуден месец е јануари. Вкупно сончеви часови годишно – 2 325 часа. Просечно годишни врнежи се 600 мм на 1 м2. Во годината има просечно 25 магливи денови а 220 сончеви денови.

Природните ресурси на општината вклучуваат и енергетски капацитети, особено термоелектраната РЕК Битола која се наоѓа на територијата на Новаци.

Општина Новаци се наоѓа во јужниот дел на Република Северна Македонија и се граничи со три ~~шест~~ општини: Битола на северозапад, Могила на север и ~~,~~ Прилеп на североисток~~, Крушево на исток, Демир Хисар на запад и Гевгелија преку планинскиот масив Ниџе на југ~~. Дел од државната граница на Северна Македонија со Грција е на територијата на општината Новаци.

*На следните карти е означена локацијата на Општина Новаци во рамките на територијата на Република Северна Македонија:*






Општината Новаци опфаќа 41 населено место, кои административно и функционално гравитираат кон општинскиот центар – селото Новаци.

Во рамките на општината, патната комуникација се изведува преку локални – општински и регионални патишта. Жителите се поврзани со центарот на општината, селото Новаци, како и со градот Битола, преку организиран автобуски сообраќај.

Новаци може да се пофали со одлична патна инфраструктура и квалитетна поврзаност помеѓу населените места, што претставува една од клучните предности на општината. Речиси сите населени места се поврзани со асфалтирани регионални патишта, а најфреквентните локални патишта се асфалтирани, редовно се одржуваат и навремено се санираат.

Континуираното вложување во инфраструктурата е дел од стратегијата за рамномерен рурален развој, полесна мобилност на жителите и подобра достапност до јавните услуги, стопанството и регионалниот пазар.

Во Општина Новаци има вкупно 197 км локални патишта, од кои современ коловоз се 69,3 км, односно 127,7 км земјен пат. Земјените патишта во најголем дел се всушност полски патишта за пристап до земјоделските површини.

Според резултатите од Пописот од 2021 година, општината Новаци има 2648 резидентно население. Во споредба со претходниот Попис од 2002 кога резидентното население броеше 3549 жители, бројот е намален за 25.38% Општина Новаци е една од најголемите по површина 773 км², но една од најмалите по број на жители. Според

резултатите од Пописот 2021, општина Новаци има 2.648 резидентни жители, што претставува намалување од 25.38% во однос на Пописот од 2002 година кога броеше 3.549 жители.Овој пад се должи пред сè на иселувањето на младото население во странство, како и на стареењето на населението и нискиот природен прираст.

Имајќи во предвид дека најголемата термоцентала за производство на електрична енергија, РЕК Битола се наоѓа на наша територија, една од најголемите приватни компании за производство на житни култури – ЗК Пелагонија е исто така на наша територија, а имаме и солиден број на приватни компании кои функционираат во општината, додека бројот на населението е мал, вработеноста е на високо ниво.

Според последниот попис направен во 2021 година, Општина Новаци брои вкупно 2648 население односно 855 домаќинства кои живеат во 1395 станови распоредени во 41 населено место, со тендеција на намалување поради иселување и мал природен прираст, што ја прави општината една од најретко населените општини во државата. Седиштето на Општина Новаци е населеното место Новаци. Според етничкиот состав населението е главно македонци односно 95% со помали заедници на други етнички групи – 5%.

📊 Демографска слика на Општина Новаци

Според резултатите од Пописот 2021 година, Општина Новаци брои вкупно 2.648 резидентни жители, од кои 1.377 се мажи, а 1.271 се жени. Населението е рамномерно распределено по пол, со минимално поголем удел на машкото население (52%).

Што се однесува до возрастната структура, населението има изразени знаци на стареење. Само околу 379 лица се на возраст до 14 години, додека во групата над 65 години има над 570 лица, што претставува над 21% од вкупното население. Најбројни се возрасните групи меѓу 55 и 69 години, што дополнително го потврдува предизвикот со стареење на населението и одлив на млади.

Иако меѓу 25 и 44 години има солиден број жители (вкупно околу 663 лица), податоците покажуваат дека младите генерации (15–34 години) се сè помалку застапени, што се должи на миграции кон урбани центри и странство.

🎓 Образовна структура

Од вкупно 2.269 резиденти постари од 15 години, најголем дел имаат завршено средно образование (977 лица), додека 162 лица имаат високо образование, што претставува околу 7% од населението во таа возрасна категорија. Само 15 лица имаат магистратура или докторат. Сепак, загрижувачки е фактот што над 160 лица немаат завршено ниту основно образование, а 11 се целосно без образование, што покажува дека и натаму постојат предизвици во пристапот до образование, особено во руралните средини.

🏘 Население по населени места

Општина Новаци опфаќа површина од 773 км² и се состои од 41 населено место, но населението е нерномерно распределено. Најголемо населено место е самото село Новаци со 1.107 жители, што претставува повеќе од 40% од вкупното население. Други поголеми населени места се Добромири (296 жители), Гермијан (195) и Горно Агларци (158).

Во дел од селата има едвај неколку жители или се речиси ненаселени, како што се Будимирци (2 лица), Гнилеш (2 лица), Орле (1 лице), па дури и села без пријавено постојано население како Сливица, Груништа, Брник, Биљаник, Ивени, и Зовиќ 2.

Демографските податоци укажуваат на сериозен пад на населението во последните две децении, соочување со стареење на жителите, иселување на млади и намален природен прираст. Од друга страна, општината се истакнува со релативно добра образовна структура кај работоспособната популација, но и со значителни регионални разлики во населеноста и развиеноста на селата.

Овие податоци се клучни за планирање на идни политики, особено во сфери како што се инфраструктура, образование, здравство и локален економски развој.

Официјален јазик на комуникација во Општина Новаци е македонскиот јазик.

### 1.2 Опис на институционалната рамка

#### Организациска структура на Општина Новаци

Општината функционира согласно Законот за локална самоуправа и е составена од следниве органи и служби:

- **Совет на Општина Новаци**:
  - Број на советници: 9 советници избрани на локалните избори во 2021 година.
  - Советот е законодавно тело што ги донесува најважните одлуки за општината.
- **Градоначалник**:
  - Градоначалникот е извршен орган кој ја води Општината и ги спроведува одлуките на Советот.
- **Општинска администрација**:
  - Вкупен број на вработени: 35

| Пол | Број на вработени |
|---|---|
| Мажи | 17 |
| Жени | 18 |

- **Одделенија**:
  1. **Одделение за правни работи, општи и јавни дејности**
     - Раководител: Жена
  2. **Одделение за финансиски прашања**
     - Раководител: Жена

3. **Одделение за комунални дејности, сообраќај, урбанизам и заштита на животната средина и локален економски развој**
    - Раководител: /
4. **Одделение за управување со човечки ресурси**
    - Раководител: /
5. **Одделение за внатрешна ревизија**
    - Раководител: /
6. **Одделение за инспекциски надзор – Инспекторат**
    - Раководител: /

## Органограм на Општина Новаци



Органограм на установи и јавни претпријатија




## 1.3 Цел на ИЛРП

Целта на ИЛРП на Општина Новаци е да обезбеди практична, координирана и долгорочно одржлива рамка за справување со клучните развојни предизвици и искористување на потенцијалите на општината во сите области од локална надлежност – економија, социјална инклузија, животна средина, инфраструктура и јавни услуги. Планот е тесно поврзан со буџетскиот процес, што овозможува реално планирање и ефикасно насочување на јавните ресурси.

Дополнително, ИЛРП служи како основа за мобилизација на надворешни финансиски средства, преку исполнување на критериумите кои бараат постоење на стратешки документи за локален економски и одржлив развој, со што Општина Новаци ја зголемува својата конкурентност и можност за реализација на проекти финансирани од национални и меѓународни фондови.

## II. МЕТОДОЛОГИЈА

Целосниот процес на планирање е поделен во пет фази, опишани подолу.

**Слика бр. 1 – Циклус на планирање/процес**




a. **Подготвителна фаза** – оваа фаза вклучи започнување на процесот на планирање и мобилизација на локалните чинители.
b. **Аналитичка фаза** – Давање на одговори на следниве прашања: Што имаме? Со какви предизвици се соочуваме? Како да се продолжи во иднина? – овој дел вклучи собирање податоци, истражување на документи, социо-економска, еколошка и SWOT - анализа.
c. **Планирачка фаза** – дефинирање на ВИЗИЈА и одлука за стратешката насока и цели, приоритети, програми, потпрограми и проекти во кои се вклучени мерки и активности што треба да се спроведат за да се постигнат целите на ИЛРП.
d. **Оперативна фаза** - вклучува изработка на рамка за имплементација (план за имплементација, финансиски план, план за развој на организациски капацитети и човечки ресурси).
e. **Фаза на мониторинг и евалуација** – дефинирање на индикатори на успех за да се измери како се спроведуваат програмите, потпрограмите и проектите заедно со предвидените мерки и активности, колку ефективно се спроведувал планот и дали има празнини помеѓу планираните и постигнатите резултати (евалуација).

Родовата перспектива беше вградена во сите фази на планирањето за да се обезбедат еднакви можности за вклучување на жените и мажите во подготовката на ИЛРП.

Подетално, спроведените методолошки чекори се опишани во табелата подолу.

*Табела 1 : Методолошки чекори и реализација*

| Методолошки чекори | Реализација |
|---|---|
| **Чекор 1** – Одлука на градоначалникот за почеток на процесот на планирање | 5 март, 2025 |
| **Чекор 2** – Формирање на тим за планирање на локалниот развој | 27 март, 2025 |
| **Чекор 3** – Мапирање на засегнатите страни | 28 април, 2025 |
| **Чекор 4** - Собирање податоци за социо-економска и еколошка анализа | 28 април, 2025 |
| **Чекор 5** - Социо-економска и еколошка анализа | 26 мај, 2025 |
| **Чекор 6** – Тематски SWOT анализи и интегрална SWOT анализа | 10 јуни, 2025 |
| **Чекор 7** – Подготовка на консолидирани тематски SWOT анализи и извештаи од тематските работни групи и интегрална SWOT анализа | 26 мај, 2025 |
| **Чекор 8** – Подготовка на визија и изјави за стратешките цели и приоритети , програми, потпрограми и проекти, буџет и план за мониторинг и евалуација | 15 јули, 2025 |
| **Чекор 9** - Презентирање на нацртот ИЛРП на Форумот на заедницата со цел обезбедување повратни информации и коментари | 28 јули, 2025 |
| **Чекор 10** - Подготовка на пред-финалниот нацрт на ИЛРП одобрен од градоначалникот | 25 август, 2025 |
| **Чекор 11** - Презентирање на пред-финалниот нацрт на ИЛРП до Советот на општината за дискусија и одобрување | 17 септември, 2025 |
| **Чекор 12** – Објавување на финалната верзија на ИЛРП | 22 септември, 2025 |

## III. ВЕРТИКАЛНА И ХОРИЗОНТАЛНА ИНТЕГРАЦИЈА СО ДРУГИ РАЗВОЈНИ ПОЛИТИКИ

При подготовката на ИЛРП на Општина Новаци , се водеше сметка за усогласување на овој план со постоечки политики и агенди на различни сектори на повисоките нивоа на управување. Притоа обезбедена е:

- вертикална усогласеност со документи за развој повисоко во хиерархијата – релевантни политики и стратешки планови, на национално и регионално ниво;
- хоризонтално усогласување помеѓу клучните општински секторски развојни планови и политики; и
- усогласување со просторните и урбанистичките планови.

Поконкретно ИЛРП на Општина Новаци е вертикално усогласен со следниве клучни развојни документи:

- Националната развојна стратегија (план за 20 години);
- Стратегија за регионален развој (план за 10 години);
- Програми за развој на планските региони (план за 5 години).

Очекуваниот ефект од вертикалното усогласување е да се олесни обезбедувањето на средства од повисоките нивоа на власт, како и од европските фондови, поради конзистентоста на ИЛРП на Општина Новаци со националната платформа за стратешко планирање и нејзините делови.

При подготовката на ИЛРП на Општина Новаци особено внимание беше посветено на усогласување со целите и локализирање на апликативните мерки и активности предвидени во следните национални секторски стратегии (кои имаат валидно времетраење):

- ✓ Програма за одржлив локален развој и децентрализација 2021– 2026 година[1];
- ✓ Акционен план за 2024–2026 година на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 – 2026 година[2];
- ✓ Стратегија за регионален развој на Република Македонија 2021 – 2031 година[3];
- ✓ Национална стратегија за одржлив развој 2009 – 2030 година[4];
- ✓ План за спречување на создавање отпад 2022 – 2028 година[5];
- ✓ План за управување со отпад на Република Македонија 2021–2031 година[6];
- ✓ Национална стратегија за заштита на природата[7];
- ✓ Национален план за енергија и клима[8];
- ✓ Стратегија за развој на енергетиката на Република Македонија до 2040 година[9];

---

[1]https://mls.gov.mk/images/files/POLRD_2021-2026_MK_so%20korekcii_Final.pdf
[2]https://mls.gov.mk/images/files/Akciski%20plan%20_mk%20(1).pdf
[3]https://mls.gov.mk/files/Strategija-Za-RRR.pdf
[4]https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/Nacionalna-Strategija-za-Odrzliv-Razvoj-vo-RM-NSSD-Del-1.pdf
[5]https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/%D0%9F%D0%A1%D0%97%D0%9E-2022-2028.pdf
[6]https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2021/10/.pdf
[7]https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12.pdf
[8]https://economy.gov.mk/content/Official%20NECP%20-%20MK%20version_11465878.pdf
[9]https://economy.gov.mk/mk-MK/news/strategii-2759.nspx

- ✓ Акционен план за обновливи извори на енергија до 2025 година со визија до 2030 година[10];
- ✓ Стратегија за индустриски развој 2018 –2027 година, со Акционен план[11];
- ✓ Национална стратегија за земјоделство и рурален развој 2021–2027 година[12];
- ✓ Национална стратегија за млади 2016–2025 година[13];
- ✓ Национална стратегија за еднаквост и недискриминација 2022–2026 година[14];
- ✓ Стратегија за образование 2018– 2025 година[15];
- ✓ Фискална стратегија на Република Македонија 2024 –2026 година[16];
- ✓ Програма за реформи во управувањето со јавните финансии 2022– 2025 година[17] и
- ✓ Други повеќегодишни национални стратегии и планови кои се поврзани со делокругот на надлежностите на општините и се во фаза на подготовка или се планирани за ажурирање.

Покрај вертикалното усогласување при изработка на овој стратешки документ во предвид се земени тековните стратешки документи изготвени од страна на Општина Новаци:

- ✓ Стратегија за Локален економски развој на Општина Новаци 2023-2028
- ✓ Локален акциски план за управување со отпад на Општина Новаци за 2024 - 2025 година
- ✓ Развоен план за комунални дејности на територијата на Општина Новаци за период од 2024 - 2026 година
- ✓ Стратегија за млади на Општина Новаци 2024 - 2029 година
- ✓ Програма за образование за 2025 година
- ✓ Програма за ЛЕР за 2025 година
- ✓ Програма за еднакви можности за 2025 година
- ✓ Програма за управување со животна средина за 2025 година
- ✓ Програма за урбанистички планови за 2025 година
- ✓ Програма за уредување на градежно земјиште за 2025 година
- ✓ Програма за Спорт за 2025 година
- ✓ Програма за работа на Советот за 2025 година
- ✓ Програма за одржување на локалните водоводи за 2025 година
- ✓ Програма за одржување на јавна чистота за 2025 година
- ✓ Програма за култура за 2025 година
- ✓ Програма за бездомни кучиња за 2025 година
- ✓ Програза Социјална заштита за 2025 година
- ✓ Програма за локални патишта и улици за 2025 година

## IV. КЛУЧНИ НАОДИ ОД СОЦИО-ЕКОНОМСКА, ЕКОЛОШКА И SWOT АНАЛИЗА

---

[10] https://economy.gov.mk/Upload/Documents/94b041280dbe4ae6870f6450e30de0a2.pdf
[11] https://economy.gov.mk/Upload/Documents/Finalna%20Industriska%20Strategija.pdf
[12] https://www.mzsv.gov.mk/CMS/Upload/strateski%20dokumenti/ns_16_2021.pdf
[13] https://ams.gov.mk/mk/page/youth-strategies
[14] https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2022/strategija_/2022-2026.pdf
[15] https://mon.gov.mk/page/?id=2048
[16] https://finance.gov.mk/
[17] https://finance.gov.mk/wp-content/uploads/2022/10 -2022-2025-MK-Struktuirana-za-Vlada-1.pdf

Со социо-економската и еколошката анализа беа опфатени сите важни аспекти од животот и развојот на Општината Новаци. На тој начин е воспоставена информациска и аналитичка основа за формулирање на наредните поглавја на ИЛРП. Истовремено анализата помага и за дополнителна разработка на секундарни секторски – економски, социјални и еколошки развојни планови.

Со подготовката на оваа анализа се демонстрира пристапот на „Системско размислување“ и соодветна средина за добро креирање политики и донесување одлуки.

Социо-економската и еколошката анализа на животната средина се засновани на достапни податоци од различни извори и во различни форми. Деталeн и сеопфатен Извештај од социо-економската и анализата на животната средина е приложен како АНЕКС 1 на ИЛРП, додека во продолжение се наведени клучните наоди по области на анализа, со опис на општите карактеристики, мапирани потреби и насоки за нивно задоволување.

***Табела 2 : Клучни наоди од социо-економската и еколошката анализа***

| **ДЕМОГРАФСКА АНАЛИЗА** | |
|---|---|
| Општи карактеристики | Предизвици |
| • Општината Новаци е сместена во јужниот дел на Македонија, во Пеагонискиот регион, и е рурална општина со значајна улога во енергетскиот сектор<br>• Според пописот во 2021 година, општината Новаци брои 2648 жители – резидентно население, што претставува значителен пад од над 25% во однос на претходниот Попис од 2002 година но и континуиран пад по однос на претходните пописи :<br>• 1981: 10 151 жители<br>• 1994: 4263 жители<br>• 2002: 3 549 жители<br>• 2021: 2648 жители<br>• Овој негативен тренд на континуирана депопулација која се должи првенствено на миграцијата кон урбаните центри во Републиката но и надвор од Републиката, но и на негативниот природен прираст на населението.<br>• Во општина Новаци живее претежно македонско население со други мали етнички заедници. Според податоците од пописот во 2021 година , 91,65 % се Македонци ,1.74% Албанци,0,15% Срби и 0,04% Турци.<br>• Половата структура е речиси во баланс | • Стареење на населението<br>• Миграција на младите кон урбаните центри и иселување надвор од Републиката и негативен природен прираст<br>• Ниска стапка за наталитет<br>• Преземање стимулативни мерки по сектори за задржување на населението и спречување на иселување;<br>• Потребни се конкретни мерки за зголемување на инвестициските активности кои што ќе бидат подеднакво прилагодени на потребите за економска активност на мажите и жените поради процесот на праведна енергетска транзиција и преголемата зависност на населението од вработување во РЕК Битола<br>• Потребни се нови мерки за стимулирање на наталитетот;<br>• Намалување на економските и социјалните диспаритети, јакнење на економските и социјалните функции, како и создавање на можности за поквалитетно живеење во руралните општини како што е Новаци<br>• Подеднаквата застапеност на машката и женската популација упатува на можности за рамноправно користење на ресурсите и почитување на родовата еднаквост |

| | |
|---|---|
| • Најголем дел од населението е со завршено средно образование, а тоа во голем дел се должи и на потребата од работна сила со средно стручно образование во РЕК Битола кој што се наоѓа во непосредна близина на општината. Во високото образование и магистратурата поголем е бројот на жени отколку на мажи<br>• Општината Новаци опфаќа 41 населено место и е една од најретко населените места во државата | |

| АНАЛИЗА НА ПАЗАР НА ТРУД | |
|---|---|
| Општи карактеристики | Предизвици |
| • Пазарот на труд во Општина Новаци се карактеризира со специфични предизвици и можности , особено во контекст на нејзиниот рурален карактер и демографските трендови<br>• Според податоците од АВРМ општина Новаци бележи многу мал број на невработени лица (само 58)<br>• Од нив најголем дел се во возрасната група од 22-45 години со средно или високо образование, и се жени.<br>• Општина Новаци активно работи на подобрување на состојбите на пазарот на труд преку различни проекти и програми :<br>• Проект ,,Ранливи категории 4 ’’Во рамките на оваа иницијатива , седум долгорочно невработени лица беа ангажирани за грижи на стари и изнемоштенилица, какао и за работа во детската градинка во Новаци. Проектот е дел од програмата ,,Општинско корисна работа’’ и е финансиран од УНДП, АВРМ и МТЦП.<br>• Стратегија за локален економски развој(2023-2028) Општината усвои стратегија со вкупна вредност од 404,6 милиони денари, која вклучува акционен план за развој на локалната економија, вклучително и мерки за подобрување на вработеноста | • Понатамошно намалување на невработеноста низ поддршка и активни мерки за вработување или самовработување на лицата кои што се невработени, а се на почетокот или на средината од својот кариерен развој<br>• Потребни е креирање на мерки кои што ќе ги активираат жените и маргинализираните групи на граѓани на пазарот на трудот.<br>• Потребни се инвестициони активности кои што ќе ја поттикнуваат локалната економија надвор од РЕК Битола<br>• Приватниот сектор во овој момент се соочува со голем проблем, а тоа е недостаток на работна сила. Покрај овој основен проблем, се јавува и проблемот со несоодветен стручен кадар со потребни вештини. Иселувањето на населението, особено на младите лица придонесуваат за ваквата ситуација |

| ЕКОНОМСКА АНАЛИЗА | |
|---|---|
| Општи карактеристики | Предизвици |
| • Општина Новаци се наоѓа на југозападниот дел на Република Македонија во близина на град Битола.Општината има површина од 753 метри квадратни и тоа ја прави една од | • Недоволно диверзифицирана економија, односно преголема зависност од РЕК Битола како потенцијален работодавач<br>• Недостатокот на работна сила и недоволно изградената комунална инфраструктура претставува проблем за |

| | |
|---|---|
| најголемите општина во Република Македонија<br>• Главни економски сектори се енергетиката и агро-секторот. Во енергетиката, РЕК Битола е најголем економски субјект и работодавач во регионот, а тоа општината ја прави енергетски центар на државата.<br>• Населението се занимава и со земјоделство, сточарство а застапени се и малите и средни претпријатија<br>• Голем дел од населението е вработено во РЕК Битола, а мал дел од населението се ангажирани во земјоделство и самовработување.<br>• Општината располага со солидна патна инфраструктура , исто така развиена е и енергетската инфраструктура поради присуството на РЕК Битола.<br>• Документацијата за изградба на индустриска зона во с.Новаци е во завршна фаза<br>• Растечки тренд на руралниот, меморијалниот и еко туризмот<br>• Постоење на ИПА фондови како потенцијални извори на финансирање на прекугранични проекти<br>• Недостаток на сместувачки капацитети за развој на туризмот<br>• Недостатокот на работна сила, недоволно изградената комунална инфраструктура претставува проблем за нормално функционирање на приватниот бизнис сектор во општината<br>• Одлив на млади стручни кадри<br>• Недоволно диверзифицирана економија, односно преголема зависност од РЕК Битола како потенцијален работодавач | нормално функционирање на приватниот бизнис сектор во општината<br>• Одлив на млади стручни кадри<br>• Недоволно стручни образовани кадри<br>• Креирање на мерки за доквалификација и преквалификација на локалното население за да се задоволат потребите на локалните компании и дополнително да се поттикне развојот на локалната економија<br>• Управувањето со потенцијалната енергетска праведна транзиција<br>• Одлив на млади стручни кадри<br>• Недостаток на сместувачки капацитети за развој на туризмот<br>• Потребна е валоризација, уредување и опремување на локалитети и објекти кои се привлечни за посетителите. Да се зголеми бројот на регистрирани селски домаќинства преку субвенции и поттикнувачки мерки од општината и националните фондови<br>• Потребни се повеќе активности со цел поголема туристичка промоција во која што промоција ќе бидат подеднакво вклучени и мажите и жените како и маргинализираните групи на граѓани<br>• Потенцијална закана – поставување на фотоволтаици на плодно земјоделско земјиште<br>• Неопходни се стимулативни мерки во соработка со ЗИК Пелагонија за поттикнување на локалното население да продолжи да се занимава со земјоделско производство, а и да се привлечат младите да се занимаваат со земјоделска дејност<br>• Поддршка за обработка на земјиштето од мал посед, простор за интензивирање на земјоделието и обработка на необработените површини<br>• Поддршка за жените земјоделки кои се јавуваат како носителки на семејните земјоделски стопанства<br>• Потребно е следење на процесот на поставување на фотоволтаици на плодно земјоделско земјиште<br>• Информирање и едукација, но и искористување на фондови и можности за спроведување на процесот на праведна транзиција<br>• Завршување на документацијата и пуштање во употреба на планираната индустриска зона |

| | |
|---|---|
| | • Креирање на мерки за диверзификација на локалната економија и поттикнување на руралниот развој<br>• Незаинтересираност на локалното население активно да се вклучи во развој на општината |

| АНАЛИЗА НА КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА И ПЛАНИРАЊЕ | |
|---|---|
| Општи карактеристики | Предизвици |
| Комуналната инфраструктура во општина Новаци е солидна со одредени предизвици<br><br>**1.Водовод и снабдување со вода**<br>Дел од населените меса се приклучени на централниот водоводен систем. Во одредени села се уште се користат локални бунари и јавни чешми.<br><br>**2.Канализација и отпадни води**<br>Централниот дел на општината има делумен канализациски систем . Поголем број села немаат канализација и користат септички јами. Нема пречистителна станица за отпадни води.<br><br>**3. Управување со отпад**<br>Собирањето на комунален отпад е организирано но ограничено поради географската расфрланост. Отпадот се депонира во депонија кој не е по сите стандарди. Селекцијата на отпад е се уште во рана фаза.<br><br>**4.Улично осветлување и јавни површини**<br>Централните улици имаат улично осветлување, делумно модернизирано со ЛЕД светилки. Во останатите населени места осветлувањето е солидно.<br><br>**5.Патна инфраструктура и урбано планирање**<br>Општина Новаци располага со солидна патна инфраструктура. Главните патишта како и споредните, локалните се асфалтирани. Потребно е обнова и одржување.<br>Урбанистичкото планирање е во развојна фаза, постојат детални урбанистички планови (ДУП) само за дел од населените места и за селата, но за дел се сеуште во фаза на изготвување, а се работи и на изготвување на ДУП и вон населени места, како и архитектонско-урбанистички проекти | • Изнаоѓање на конечно решение за изградба на регионална депонија по сите стандарди<br>• Воведување на соларно улично осветлување со цел да се намалат трошоците.<br>• Изградба на канализација во повеќе населени места<br>• Подготовка на нови и ажурирање на постоечки урбанистички планови за селата<br>• Редовно во буџетот на општината, но исто така и преку дополнителни фондови и проекти да се обезбедат средства за обнова и одржување на патната инфраструктура<br>• Да се продолжи со процесот на развивање на урбанистички планови за сите населени места, како и УП за вон населени места и реализација на архитектонските-урбанистички проекти во општината<br>• Да се продолжи со процесот на селекција на отпад<br>• Да се изнајдат фондови за изградба на пречистителна станица<br>• Да се продолжи со изградба на канализациониот систем во населбите во кои што го нема<br>• Да се продолжи со процесот на изградба на водоводни системи во населените места |

| АНАЛИЗА НА СОЦИЈАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА | |
|---|---|
| Општи карактеристики | Предизвици |
| • Општина Новаци располага со добро поставена социјална инфраструктура вклучувајќи ги тука сите објекти и услуги во областа на образованието , здравството, социјалната заштита, културата , спортот и рекреацијата. | • Зголемување на квалитетот на јавни услуги<br>• Зголемување на специјализираните здравствени услуги<br>• Зголемување на бројност на учениците<br>• Воведување на услуги за нега во домот |

| | |
|---|---|
| • Во Општина Новаци има едно централно основно училиште и 7 подрачни училишта.<br>• Здравствената инфраструктура е опфатена со еднаопшта амбуланта , кои ги услужува сите жители од општината.<br>• Постојат и мобилни тимови за домашна нега кои општината ги користи преку различни проекти .<br>• Во општината постојат фолклорни друштва а се организираат и различни манифестации за потребите на населението од кои што најпознат е Фестивалот на жетвата<br>• Од спортска инфраструктура општината раполага со фудбалски терени, затворена спортска сала, неколку спортски игралишта и теретани на отворено, а има активни 4 фудбалски клубови<br>• На територијата на општината има неколку заштитени културни наследства<br>• Најголем број од локалното население се баратели на услугата – нега од друго лице<br>• Поголем е бројот на баратели на оваа услуга од женски пол<br>• Општината има основано локален младинси совет<br>• Општината е една од ретките рурални општини која што има отворено младински центар<br>• На територијата на општината има регистрирани поголем број на граѓански организации, но со недоволен обем на активности | • Поддршка на граѓанските организации во спроведување на нивните програмски цели согласно надлежностите и приоритетите на општината<br>• Потребно е одвојување на средства од Буџетот на општината согласно законската рамка за поддршка на работата на Локалниот Младински Совет<br>• Зголемен обем на активности за активно делување на младинскиот центар и мобилизирање на младите во заедницата |

| **АНАЛИЗА НА ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ И ОБНОВЛИВИТЕ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА** | |
|---|---|
| Општи карактеристики | Предизвици |
| • Општина Новаци е рурална општина во Пелагонискиот регион, позната по својата аграрна активност по присуство на најголемиот енергетски капацитет во земјата-РЕК-Битола.<br>• Поради тоа, општината има посебна важност во темите поврзани со заштита на животната средина и енергетика.<br>• Во однос на енергетската ефикасност општината делумно е опфатена. Мал број на училишни објекти и општински се енергетски ефикасни .<br>• Општината располага со голем потенцијал на обновливи извори на енергија. Тука спаѓаат : Сончевото зрачење , Новаци има над 250 сончеви денови годишно што е одлично за | • Загадувањето од РЕК Битола и од нелегални депонии.<br>• Енергетска санација на јавни објекти со цел да се зголеми енергетската ефикасност<br>• Поддршка на домаќинства и фирми за инсталирање на фотоволтаици<br>• Стимулирање на агро-проекти за бимаса<br>• Потребно е зголемување на едукацијата и информирање на локалното население за различни мерки, методи и информации за искористување на потенцијалите за обновливи извори на енергија<br>• Вложување на средства за развој на еко-туризмот |

| | |
|---|---|
| фотоволтаици, Био маса- остатоци од земјоделско производство (пелети,биогас) и Ветар –умерен потенцијал<br>• Зголемен тренд за искористување на обновливи извори на енергија, особено после светската енергетска криза | |

| АНАЛИЗА НА БЕЗБЕДНОСТА И СИГУРНОСТА ВО ЗАЕДНИЦАТА | |
|---|---|
| Општи карактеристики | Предизвици |
| • Општина Новаци , како рурална зедница со специфични локални карактеристики , има уникатни предизвици и можности во однос на безбедноста и сигурноста на граѓаните. Анализата ја разгледува состојбата со јавен ред, противпожарна заштита, природните ризици, како и перцепцијата на граѓаните за нивната безбедност.<br>• Во општина Новаци има една полициска станица на СВР Битола, која ја опслужува цела општина.<br>• Во летниот период постои зголемен ризик од пожари, затоа во тој период ангажирано е доброволно противпожарно друштво.<br>• Општина Новаци за анализа на безбедноста и сигурноста ги има донесено следниве планови : Оперативен план за заштита и одбрана од поплави,Генерален план за заштита и спасување, План за спроведување на мерката за заштита и спасување пожари, План за евакуација, План за засолнување, План за згрижување на настрадано и загрозено население, План за Асанација на теренот, План за спроведување на мерката за заштита и спасување во Рудниците, План за урнатини и План за радиолошка, хемиска и еколошка заштита.<br>• Подгровена е Проценка на загрозеност на подрачјето на Оптшина Новаци од сите ризици и опасности како и интерен Правилник за заштита од Пожари и експлозии на зградата на Општина Новаци. | • Зголемена безбедност на населението првенствено од поплави и пожари |

SWOT анализата беше спроведена врз основа на претходно подготвената социо-економска и еколошка анализа и претставува проверка на реалноста. Клучните прашања на кои се фокусираше SWOT анализата се:

- Силни страни: Што е тоа што ние го имаме, а другите го немаат? Што правиме или што можеме да направиме подобро од другите?

- Слаби страни: Што правиме полошо од другите? Што е клучно за нас што го попречува нашиот развој?
- Можности: Кои се можностите што ги гледаме за нашата општина во регионот и државата?
- Закани: Кои тековни активности во регионот, државата и надвор од неа може да влијаат на нашиот напредок?

Во продожение во табела 3, подолу, е презентирана интегрална SWOT анализа, подготвена од општинскиот тим за развојно планирање во која се интегрирани и наодите од тематската SWOT анализа.

***Табела 3: Интегрална SWOT анализа***

| **Јаки страни** | **Слабости** |
|---|---|
| ▶ Добра патна инфраструктура<br>▶ Плодна почва и развиено земјоделство (најпогодно за одгледување на житни култури)<br>▶ Близина на граница со ЕУ земја<br>▶ Богато културно – историско наследство и природни богатства (богата вегетација и животински свет, чист воздух во Мариовскиот дел на општината), потенцијал за развој на рурален, меморијален и еко туризам<br>▶ Најголемиот производител на електрична енергија РЕК Битола се наоѓа на територија на општината (голем дел од населението е вработено во РЕК Битола)<br>▶ Искуство и добар углед за искористување на ЕУ фондови<br>▶ Хидроенергетски потенцијал<br>▶ Документација за изградба на Индустриска зона во с.Новаци | ▶ Иселување на населението и негативен природен прираст<br>▶ Одлив на млади стручни кадри<br>▶ Премногу диви депонии<br>▶ Непостоење на канализациони мрежи во речиси сите населени места<br>▶ Немање на урбанистички планови<br>▶ Непостоење на системи за наводнување<br>▶ Загадување на почва и воздух предизвикано од функционирањето на РЕК Битола и недоволно диверзифицирана економија, односно преголема зависност од РЕК Битола како потенцијален работодавач<br>▶ Недостаток на сместувачки капацитети за развој на туризмот<br>▶ Незаинтересираност на локалното население активно да се вклучи во развој на општината |
| **Можности** | **Закани** |
| ▶ Растечки тренд на руралниот, меморијалниот и еко туризмот<br>▶ Постоење на ИПА фондови како потенцијални извори на финансирање на прекугранични проекти<br>▶ Зголемен тренд за искористување на обновливи извори на енергија, особено после светската енергетска криза | ▶ Климатски промени<br>▶ Потенцијално затворање на РЕК Битола поради недостаток на јаглен или поради определба на Владата, со што би се зголемила невработеноста доколку не се осигура одржлива енергетска транзиција |

| | |
|---|---|
| ▶ Зголемен интерес на странски и домашни инвеститори за инвестирање во општина Новаци<br>▶ Планирани средства за користење од Инвестицискиот план за забрзана транзиција од јаглен на РСМ | |

## V. ИЗЈАВА ЗА ВИЗИЈА

Општина Новаци – општина со современо уредена комунална инфраструктура, лидер во производството на земјоделски култури и електрична енергија од обновливи извори во Република Северна Македонија. Посакувана дестинација за домашни и странски инвестиции, центар на рурален, меморијален и еко туризам, и средина со еколошки чиста и здрава животна средина која обезбедува квалитетен живот за сите генерации.

## VI. СТРАТЕШКИ РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ

Стратешките цели произлегуваат од ВИЗИЈАТА за развој на општината Новаци и се однесуваат на идентификуваните (низ АНАЛИЗА) споредбени предности на општината но истовремено и на потребата од систематско – стратешко адресирање на воочените клучни предизвици и дефицити.

Стратешка цел е всушност ПОЗИТИВНАТА ПРОМЕНА која се планира да се постигне низ спроведување на Интегрираниот локален развоен план.

Во насока на обезбедување одржлив и сеопфатен развој, Општина Новаци ги утврди своите стратешки приоритети со цел да одговори на потребите на своето население, да ја подобри економската стабилност и да го зајакне квалитетот на живот. Водени од специфичните карактеристики на општината, ресурсите со кои располага и потенцијалот за развој, дефинирани се следните четири стратешки цели:

- **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1:** Развој на рурален, меморијален и еко туризам преку искористување и промоција на богатото културно, историско и природно наследство.
- **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2:** Унапредување и понатамошен развој на земјоделството како главна економска гранка во општината.
- **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3:** Задржување на населението, особено младите, преку едукација, подобри услови за живот и економски можности.
- **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4:** Обезбедување здрава и чиста животна средина преку одржливо управување со природните ресурси и еколошка заштита.

Овие цели се насочени кон градење на силна, просперитетна и одржлива општина, во која секој жител ќе има можност за квалитетен живот и личен развој.

Општина Новаци, како рурална средина со значајни природни ресурси, земјоделски потенцијал и културно-историско наследство, се стреми кон урамнотежен и одржлив развој кој ќе го подобри квалитетот на живот на своите жители. Во таа насока, дефинирани се стратешки цели по клучни области од локална надлежност, кои се засноваат на реалните потреби на населението, постојните предизвици и можностите за развој.

Наведените стратешките цели се разработени за секоја од областите од општинска надлежност за период од оваа и наредните три години. Овие стратешки цели претставуваат насока за целокупниот развоен процес на општината, со јасна визија за одржлива иднина, зголемена конкурентност и подобрен животен стандард за сите жители на Новаци.

**Стратешки развојни цели: Заштита на животната средина и природата**

---

**Цел 1: До 2028 година, зголемување на стапката на селективно собирање на отпад од 5% на најмалку 25% во сите населени места во Општина Новаци.**

➡ Индикатори:

- За 10% зголемен број на поставени контејнери за селекција по населено место;
- Најмалку 2 организирани кампањи за едукација годишно;
- За 5 % зголемена количина на рециклиран отпад.

**Цел 2: До крајот на 2028 година, да се воспостави систем за одржливо управување со водни ресурси преку мониторинг на водостопанството и санација на минимум 3 извори на загадување.**

➡ Индикатори:

- Годишни мониторинг извештаи за квалитет на водата;
- За 10% големена површина опфатена со мерки за заштита на водни ресурси.

**Цел 3: До 2028 година, намалување на потрошувачката на електрична енергија во јавните објекти за 20% преку енергетска ефикасност и употреба на обновливи извори.**

➡ Индикатори:

- 3 објекти со поставени фотоволтаици;
- 10 % зголемена вредноста на реализирани проекти за енергетска ефикасност;
- За 10% намалена годишната потрошувачка на енергија пред/по интервенции (во kWh).

**Цел 4: До 2028 година, зголемување на заштитените или рехабилитирани природни подрачја за 30% преку локални еколошки иницијативи.**

➡ Индикатори:

- 20 обновени или засадени локации;
- 15 акции за пошумување со вклученост на граѓани/ученици.

**Цел 5: До 2028 година, редуцирање на аерозагадувањето и загаденоста на почвите преку намалување на идентификувани нерегулирани депонии за 50%.**

➡ Индикатори:

- 10 отстранети или регулирани диви депонии;
- 15 еколошки акции за расчистување;

- Годишни извештаи за квалитет на почва и воздух.

**Цел 6: До 2028 година, да се обучат најмалку 5 вработени од општинската администрација и јавни установи во областа на управување со проекти за животна средина.**

➡ Индикатори:

- 20 реализирани обуки
- 5 сертифицирани учесници
- 20 поднесени/реализирани проекти за заштита на животна средина

---

**Стратешки развојни цели: Локален економски развој**

**Цел 1:** До 2028 година, започнување со работа на Индустриската зона во Новаци и привлекување инвестиции во вредност од минимум 5 милиони евра.

➡ **Индикатори:**

- Оформена и започнува со работа Индустриската зона во Новаци;
- Отворени 3 нови фабрики од лесна и незагадувачка индустрија;
- 10 компании регистрирани во зоната.

**Цел 2:** До крајот на 2027 година, зголемување на бројот на новоотворени работни места за најмалку 15% преку поддршка на локалните бизниси и инвестиции.

➡ **Индикатори:**

- 50 новоотворени работни места;
- Зголемување на стапката на вработеност во Општина Новаци за 10%.

**Цел 3:** До 2028 година, зголемување на бројот на стартапи во Општина Новаци за најмалку 5%.

➡ **Индикатори:**

- 5 новорегистрирани стартапи;
- 50 учесници во стартап програми;
- 3 стартапи што опстанале најмалку 2 години.

**Цел 4:** До 2028 година, зголемување на бројот на жени претприемачи за најмалку 20% преку посебни финансиски и едукативни програми.

➡ **Индикатори:**

- 10 новоосновани бизниси водени од жени;
- 50 жени учесници во програми за претприемништво;
- 10 поддржани проекти од жени.

**Цел 5:** До 2028 година, поддршка на најмалку 150 индивидуални земјоделци со мерки за унапредување на агро-производството и пласман на производи.

➡ **Индикатори:**

- 50 земјоделци опфатени со субвенции или обуки;
- За 10% зголемена површина обработливо земјиште со примена на нови технологии;
- За 10% зголемена вредност на извезени или пласирани локални производи.

**Цел 6:** До 2028 година, организирање на најмалку 6 локални економски форуми или бизнис-настани за унапредување на деловното вмрежување и промоција на општината.

➡ **Индикатори:**

- 6 реализирани бизнис форуми/саеми;
- 200 учесници од приватниот и јавниот сектор;
- 10 склучени партнерства или иницирани проекти.

---

**Стратешки развојни цели: Комунални дејности**

**Цел 1:** До 2028 година, реконструирана водоводна мрежа на сите населени места во Општина Новаци за 70%.

➡ **Индикатори:**

- За 10 % годишно зголемени интервенции за реконструирање на водоводна мрежа;
- 5 нови домаќинства годишно приклучени на водоводната мрежа;
- За 10% годишно да се зголемува покриеноста со јавна водоснабдителна услуга.

**Цел 2:** До крајот на 2028 година, зголемување на опфатот со канализациона мрежа на најмалку 2 населените места со над 100 жители.

➡ **Индикатори:**

- 3 км изградена канализациона мрежа;
- 200 приклучени домаќинства;
- 2 населени места со изграден систем.

**Цел 3:** До 2028 година, зголемување на ефикасноста на собирање и управување со комунален отпад преку опфат на најмалку 90% од територијата на Општина Новаци.

➡ **Индикатори:**

- За 10 % ќе се зголеми бројот на населени места со редовно собирање на отпад;
- За 10 % ќе се зголеми бројот на нови контејнери поставени по населено место;
- За 10 % ќе се зголеми честота на собирање на отпад неделно.

**Цел 4:** До 2028 година, реконструкција или изградба на минимум 50% од оштетените локални улици и патишта во урбани и рурални средини.

➡ **Индикатори:**

- За 5 % годишно ќе се зголеми површината на асфалтирани/тампонирани улици;
- 10 реконструирани или изградени патни правци;
- 10 населени места со подобрена патна инфраструктура.

**Цел 5:** До 2028 година, подобрување на јавната улична осветленост во сите населени места преку енергетски ефикасни LED решенија, со опфат од најмалку 80%.

➡ **Индикатори:**

- За 10 % ќе се зголеми динамиката на замена на улични светилки со LED;
- За 10 % ќе се намали потрошувачка на енергија.

**Цел 6:** До 2028 година, воспоставување на систем за навремено и ефикасно одржување на јавните површини (зелени површини, игралишта, паркови и плоштади) во сите населени места.

➡ **Индикатори:**

- За 10 % годишно ќе се зголемува површината на уредени и одржувани јавни простори;
- Редовно годишно одржување и опремување на детски игралишта и паркови во сите населени места.

**Цел 1**: До 2028 година, да се обезбеди покриеност од 100% на активните населените места во кои има население со урбанистички планови.

➡ **Индикатори:**

- Изработка на студии за развој од експертски тим со конкретни параметри за можни стопански гранки кои треба да се развиваат и на кој начин;
- Изработка на Просторен план за регион;
- Изработка на соодветни урбанистички планови кои ќе произлезат од претходните два документи.

---

**Стратешки развојни цели: Култура, спорт и млади**

**Цел 1:** До 2028 година, зголемување на бројот на културни настани и манифестации во Општина Новаци за најмалку 50% со активна вклученост на локалното население.

➡ **Индикатори:**

- 10 организирани културни настани годишно;
- За 10% зголемен број на учесници/посетители на културните настани;
- 3 поддржани локални културни иницијативи годишно.

**Цел 2:** До крајот на 2028 година, реконструкција на спортската инфраструктура во Општина Новаци.

➡ **Индикатори:**

- За 5% ќе се зголеми бројот на новоизградени или реновирани спортски објекти;
- За 5% ќе се зголеми бројот на спортски клубови или спортисти кои ги користат спортските терени и објекти.

**Цел 3:** До 2028 година, зголемување на вклученоста на младите во општинските процеси и реализирање на најмалку 10 младински иницијативи.

➡ **Индикатори:**

- Формиран и активен Локален Младински совет;
- Формиран и активен Младински центар;
- За 10 % годишно зголемен бројот на реализирани младински проекти;
- За 5 % годишно зголемен бројот на млади инволвирани во активности на локално ниво.

---

**Цел 4:** До 2028 година, промоција на културното наследство преку дигитализација на минимум 3 значајни локални културни добра и нивна достапност за јавноста.

➡ **Индикатори:**

- Отворен 1 дигитален музеј во с.Градешница;
- 3 дигитализирани културни ресурси;
- За 10 % зголемен бројот на посетители /туристи;
- 2 нови соработки годишно со институции од културата и образованието.

**Цел 5:** До 2028 година, поттикнување на спортот кај младите преку организирање на најмалку 10 спортски настани годишно и поддршка на ученички спортски клубови во сите основни училишта.

➡ **Индикатори:**

- 10 организирани спортски натпревари или турнири годишно;
- За 10 % зголемен бројот на ученици вклучени во училишни спортски клубови;
- За 10 % зголемен бројот на ученици во активните спортски секции.

---

**Стратешки развојни цели: Социјална заштита и заштита на децата**

**Цел 1:** Унапредени и пристапни услуги за социјална заштита и заштита на децата во Општина Новаци.

➡ **Индикатори:**

- Зголемен опфат на деца во предучилишно образование за **минимум 25% до 2028 година**;
- Воведување на **најмалку една нова локална услуга** за социјална поддршка на стари лица до 2027 година (домашна нега, дневен престој, советувалишта);
- Реновирање на објектот на СИЗ –от во центарот на Новаци за лица и семејства корисници на гарантирана минимална помош до 2028;
- Реализација на **годишно најмалку 5 информативно-едукативни кампањи** за инклузија, родителство, насилство и детски права со учество на локални институции и организации;
- Обука на **најмалку 10 стручни кадри** од општината, образовни и социјални установи во областа на заштита на децата и поддршка на ранливи групи до 2028 година.

---

**Стратешки развојни цели: Образование**

**Цел 1:** Обезбедување инклузивно, квалитетно и модерно образование како основа за развој на Општина Новаци:

➡ **Индикатори:**

- Обезбедување целосна поддршка и интеграција на **сите деца со попреченост** во редовниот образовен до 2028 година;
- Зголемување на процентот на запишани првачиња во Општина Новаци за **минимум 10% до 2028 година**;
- Воведување и примена на најмалку **три нови програми за дигитална и стручна обука** за учениците и наставниците до 2028 година;
- Обука на **најмалку 50 наставници и педагошки персонал** за инклузивно образование и модерни методи на настава до 2028 година;
- Зголемување на бројот на ученици кои учествуваат во активности надвор од училишната програма за **15% до 2028 година** (спорт, култура, науки);
- Интегрирање на сите деца со попреченост во образовниот процес;
- Обезбедување на безплатен оброк за сите ученици;
- Стимулирање на сите талентирани и надарени ученици со парични награди;
- Обезбедување на таблети за секој ученик од четврто одделение;
- Обезбедување на парични средства за секое прваче.

---

**Стратешки развојни цели: Унапредување на здравствена заштита**

**Цел 1:** Зголемување на пристапот до здравствени услуги и на нивниот квалитет во општината.

➡ **Индикатори:**

- Зголемување на пристапот до здравствени услуги во општината преку отворање на **минимум една нова здравствена амбуланта** до 2028 година;
- Намалување на времето за чекање на пациенти во амбулантата за **30% до 2028 година**;
- Зголемување на бројот на превентивни здравствени прегледи и едукации за населението за **40% до 2028 година**;
- Зголемување на процентот на вакцинација на населението за **15% до 20288 година**;
- Воведување на една здравствена програма за ментално здравје со опфат на **минимум 30 граѓани годишно** до 2028 година;

**Стратешки развојни цели: Противпожарна заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра**

**Цел 1:** До 2028 година, зголемување на оперативната подготвеност на доброволните спасувачи преку обука и сертификација на најмалку 50 вработени и доброволци во Општина Новаци.

➡ Индикатори:

- 10 реализирани обуки;
- 50 сертифицирани спасувачи и доброволци.

**Цел 2:** Намалување на појавата на шумски пожари и пожари на недостапни терени за 25% до 2028 година.

➡ Индикатори:

- 10 обуки годишно за спречување на намалување на ризиците од појава на шумски пожари од палење на стрништа и земјоделски остатоци;
- 10 евидентирани интервенции годишно.

**Цел 3:** Отворање на противпожарна териоријала единица во Општина Новаци до 2028 година.

➡ Индикатори:

- 1 објект на новата противпожарна териоријала единица во Општина Новаци;
- За 10% ќе се зголеми опремата со која сега располага Општина Новаци;
- За 5% ќе се зголеми бројот на опремени доброволни спасувачки тимови.

**Цел 4:** Организирање на најмалку 2 јавни кампањи за едукација на граѓаните за превенција и правилно реагирање при несреќи годишно.

➡ Индикатори:

- 10 организирани едукативни кампањи;
- 200 опфатени граѓани.

**Цел 5:** Зголемување на бројот на регистрирани доброволци за заштита и спасување за 20% до 2028 година.

➡ Индикатори:

- 100 активни доброволци;
- 10 активности со учество на доброволци.

---

**Стратешки развојни цели за еднакви можности за жените и мажите**

**Цел 1:** До 2028 година, зголемување на учеството на жените во локалните економски активности за 25%.

➡ Индикатори:

- За 10% зголемен процент на жени вработени или претприемачи во општината;
- 3 женски стартапи или претприемачки иницијативи.

**Цел 2:** До 2028 година, воведување и поддршка на минимум три програми за едукација и развој на жените во општината.

➡ Индикатори:

- 10 реализирани едукативни програми;
- 50 жени кои ги завршиле програмите.

**Цел 3:** До 2028 година, обезбедување пристап до услуги за родова еднаквост и превенција на родово базирано насилство во општината, преку отворање на минимум еден центар или услуга.

➡ Индикатори:

- 1 отворен центар или служба за поддршка.

**Цел 4:** До 2028 година, спроведување на кампањи за подигање на свеста за родова еднаквост со опфат на најмалку 100 граѓани годишно.

➡ Индикатори:

- 10 организирани кампањи;
- 50 учесници по кампања.

## VII. ИЗЈАВА ЗА РАЗВОЈНИ ПРИОРИТЕТИ

Сите развојни предизвици на Општина Новаци не можат да се решат во еден изборен мандат или краткорочен период. Затоа, преку сеопфатен процес на планирање, консултации со локалното население, стопанственици, институции и граѓанскиот сектор, Општина Новаци ги утврди следниве приоритети за локален развој.

Во моментот, најгорливите предизвици се поврзани со недоволната туристичка валоризација на природното, културното и историското наследство, како и со потребата од модернизација на комуналната и еколошката инфраструктура – особено во руралните средини, каде што потребата за канализација, пречистителни станици и ефикасно управување со отпад е сè уште актуелна.

Од особена важност е создавање на поволна клима за одржлив економски развој преку поддршка на земјоделството како примарна економска гранка, но и преку привлекување инвестиции, развој на обновливи извори на енергија и подобрување на пристапот до пазари и финансиски механизми. Истовремено, приоритет е и развојот на рурален, меморијален и еко туризам, кој нуди потенцијал за отворање нови работни места и заживување на руралните заедници.

Исто така, од клучно значење е задржување на младото население преку подобрување на условите за живот, квалитетно образование, пристап до услуги и вработување. Континуираното подобрување на јавните услуги – со посебен акцент на основното образование, детската заштита, културните активности и спортот – е суштински сегмент во плановите за одржлив развој.

Како стратешки области со највисок приоритет се издвојуваат:

- Рурален и туристички развој
- Развој на земјоделството
- Комунална и еколошка инфраструктура
- Задржување на населението преку едукација и вработување
- Локален економски развој базиран на искористување на природните и енергетските ресурси

Со овие приоритети, Општина Новаци се стреми да обезбеди балансиран, одржлив и инклузивен развој, ориентиран кон квалитетен живот за сите граѓани.

## VIII. РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ, ПОТПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ

Поглавјето го започнуваме со куса финансиска ааанализа во следниве три табели а од наодите наративно опишуваме:

- Тренд на приходи и расходи по сметки
- Тренд на вкупни расходи по надлежности

Целта е да се оствари увид во постоечката состојба со финансирањето на општината како основна рамка за проектирање на буџетот на ИЛРП.

**Приходи на општина Новаци**

Вкупно реализираните приходи во Општина Новаци во 2023 бележат значително зголемување во однос на 2022 година од 66,55%, но потоа во 2024 година има мало намалување во однос на 2023 од само 6,1%.

Кај приходите од основен буџет кои имаат и најголемо зголемување во 2023 година во однос на 2022 од 87%, Најголемото зголемување во 2023 доаѓа од зголемување на капиталните приходи поради зголемена наплата на приходи од концесии за експлоатација на минерални суровини, и тоа најмногу по основ на експлоатирана минерална суровина (зголемување од 54,1 милиони денари), но и по основа на простор (4,7 милиони денари), но намалени се приходите од закуп на земјоделско земјиште.

Покрај капиталните приходи, значајно зголемување од над 13 милиони денари бележат и даночните приходи, а ова зголемување во најголем дел е резултат на зголемени приходи од уредување на градежно земјиште, а зголемени се и приходите од данок на промет на недвижнини.

Дотациите секоја од анализираните последователни години бележат раст во однос на претходната година и тоа 19% во 2023 и 11% во 2024 година.

Општина Новаци поради концесиите кои ги наплаќа е ретка општина и единствена рурална општина каде приходите од основен буџет имаат најголемо учество во структурата на приходи. Во 2022 година 70% се од основен буџет, а 29% од дотации, во 2023 речиси 79%, а речиси 21% се приходи од дотации. Во 2024 година 74,5% се приходи од основен буџет, а 24,5% се приходи од дотации.

***Табела 4: Приходи на општината по сметки за 2022, 2023 и 2024 година***

| | 2022 | 2023 | Раст 2023/2022 | Структура 2022 | Структура 2023 | Промена во структура |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Основен буџет | 85.003.685 | 159.055.275 | 87,12 | 70,17 | 78,84 | 12,35 |
| Донации | 647.635 | 445.200 | -31,26 | 0,53 | 0,22 | -58,72 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Кредити | - | - | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| Самофинансисрачки активности | 451.393 | 559.482 | 23,95 | 0,37 | 0,28 | -25,58 |
| Дотации | 35.034.269 | 41.689.035 | 19,00 | 28,92 | 20,66 | -28,55 |
| **Вкупно** | **121.136.982** | **201.748.992** | **66,55** | **100,00** | **100,00** | |
| | **2023** | **2024** | **Раст 2024/2023** | **Структура 2023** | **Структура 2024** | **Промена во структура** |
| Основен буџет | 159.055.275 | 141.057.333 | -11,32 | 78,84 | 74,46 | -5,56 |
| Донации | 445.200 | 1.481.332 | 232,73 | 0,22 | 0,78 | 254,34 |
| Кредити | - | - | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| Самофинансисрачки активности | 559.482 | 568.219 | 1,56 | 0,28 | 0,30 | 8,16 |
| Дотации | 41.689.035 | 46.342.289 | 11,16 | 20,66 | 24,46 | 18,38 |
| **Вкупно** | **201.748.992** | **189.449.173** | **-6,10** | **100,00** | **100,00** | |

**Расходи на општина Новаци**

Вкупните расходи на општина Новаци во 2023 бележат раст од 53%, а во 2024 година бележат пад од речиси 9% во однос на 2023.

Приходите од основен буџет во 2023 година бележат раст од речиси 68%, а во 2024 година има блага корекција, односно намалување од 15%. Зголемувањето во 2023 во најголем дел е резултат на зголемувањето на платите и надоместоците, а помал дел и на зголемените расходи за стоки и услуги.

Расходите од дотации ги следат приходите од дотации, имаат исто зголемување како и приходите, односно 19% во 2023 и 11% во 2024 година.

Расходите од донации иако имаат зголемување во анализираните години нивното учество во вкупните расходи е многу мало и вкупно е помало од 1% во сите анализирани години. Општината не е задолжена и нема расходи по основ на кредити.

Структурата на расходите е слична како и структурата на приходите. Во 2022 година 70% од расходите се од основен буџет, а 29% од дотации, во 2023 речиси 77% се расходи од основен буџет, а речиси 21% се расходи од дотации. Во 2024 година 71,5% се расходи од основен буџет, а 27,7% се расходи од дотации.

***Табела 5: Расходи на општината по сметки за 2022, 2023 и 2024 година***

| | **2022** | **2023** | **Раст 2023/2022** | **Структура 2022** | **Структура 2023** | **Промена во структура** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Основен буџет | 84.144.921 | 141.203.173 | 67,81 | 70,18 | 76,91 | 9,60 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Донации | 647.635 | 445.200 | -31,26 | 0,54 | 0,24 | -55,10 |
| Кредити | - | - | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| Самофинансисрачки активности | 77.787 | 256.109 | 229,24 | 0,06 | 0,14 | 115,03 |
| Дотации | 35.034.269 | 41.689.035 | 19,00 | 29,22 | 22,71 | -22,28 |
| **Вкупно** | **119.904.612** | **183.593.517** | **53,12** | **100,00** | **100,00** | |
| | **2023** | **2024** | **Раст 2024/2023** | **Структура 2023** | **Структура 2024** | **Промена во структура** |
| Основен буџет | 141.203.173 | 119.557.436 | -15,33 | 76,91 | 71,54 | -6,98 |
| Донации | 445.200 | 704.000 | 58,13 | 0,24 | 0,42 | 73,73 |
| Кредити | - | - | 0,00 | 0,00 | - | 0,00 |
| Самофинансисрачки активности | 256.109 | 568.219 | 121,87 | 0,14 | 0,34 | 143,75 |
| Дотации | 41.689.035 | 46.283.212 | 11,02 | 22,71 | 27,70 | 21,97 |
| **Вкупно** | **183.593.517** | **167.112.867** | **-8,98** | **100,00** | **100,00** | |

**Расходи на општина Новаци по буџетски програми**

Во однос на програмите треба да се напомене дека расходите за образование и за детски градинки се целосно финансирани од дотации.

Во структурата на расходите по програми најголемо учество имаат општинската администрација која во 2022 е 49%, а во наредните две години е над 50%, образованието со над 20%, комуналните дејности кои 2022 се 12%, во 2023 15,5%, а во 2024 речиси 8% и на крај советот на општината кои во структурата учествуваат со 4,86% во 2022, 5,42% во 2023 и 6,48% во 2024 година.

Кај овие најголеми програми на расходи во 2023 година најголем раст бележат комуналните услуги од 96,65%, следува советот на општината со раст од 71%, кој раст продолжува и во 2024 година, но само 9%. Општинската администрација која има најголемо учество во расходите бележи раст од 60%. По овој значаен раст на расходите за општинска администрација во 2023, во 2024 година овие расходи бележат пад од 10%. Расходите за комунални дејности по скоро дуплирањето во 2023 година во однос на 2022, во 2024 година бележат пад од 53% во однос на 2023 година.

**Табела 6: Вкупни расходи на општината по надлежности во 2022, 2023 и 2024 година**

| Програма | 2022 | 2023 | Раст 2023/2022 | Структура 2022 | Структура 2023 | Промена во структура |
|---|---|---|---|---|---|---|
| А Совет на општина | 5.822.860 | 9.958.559 | 71,03 | 4,86 | 5,42 | 11,70 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| D Градоначалник | 2.532.995 | 2.647.009 | 4,50 | 2,11 | 1,44 | - 31,75 |
| E Општинска администрација | 58.661.570 | 94.009.047 | 60,26 | 48,92 | 51,20 | 4,66 |
| F Урбанистичко планирање | 168.255 | 249.356 | 48,20 | 0,14 | 0,14 | - 3,21 |
| G Локален економски развој | 1.900.862 | 3.113.544 | 63,80 | 1,59 | 1,70 | 6,98 |
| J Комунални дејности | 14.472.914 | 28.460.808 | 96,65 | 12,07 | 15,50 | 28,43 |
| K Култура | 104.020 | - | - 100,00 | 0,09 | - | - 100,00 |
| L Спорт и рекреација | - | - | - | - | - | - |
| M Програми за развој | - | - | - | - | - | - |
| N Образование | 31.566.861 | 37.390.718 | 18,45 | 26,33 | 20,37 | - 22,64 |
| Q Заштита и спасување | - | - | - | - | - | - |
| R Заштита на животна средина | 458.855 | 3.210.050 | 599,58 | 0,38 | 1,75 | 356,89 |
| T Здравствена заштита | - | - | - | - | - | - |
| V Детски градинки и домови за стари лица | 4.215.420 | 4.554.426 | 8,04 | 3,52 | 2,48 | - 29,44 |
| W Противпожарна заштита | - | - | - | - | - | - |
| X Родова еднаквост | - | - | - | - | - | - |
| **Вкупно** | **119.904.612,00** | **183.593.517,00** | **53,12** | **100,00** | **100,00** | **-** |

| **Програма** | **2023** | **2024** | **Раст 2024/2023** | **Структура 2023** | **Структура 2024** | **Промена во структура** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| A Совет на општина | 9.958.559 | 10.828.600 | 8,74 | 5,42 | 6,48 | 19,46 |
| D Градоначалник | 2.647.009 | 2.983.119 | 12,70 | 1,44 | 1,79 | 23,81 |
| E Општинска администрација | 94.009.047 | 84.873.201 | - 9,72 | 51,20 | 50,79 | - 0,81 |
| F Урбанистичко планирање | 249.356 | 770.778 | 209,11 | 0,14 | 0,46 | 239,59 |
| G Локален економски развој | 3.113.544 | 1.995.490 | - 35,91 | 1,70 | 1,19 | - 29,59 |
| J Комунални дејности | 28.460.808 | 13.293.764 | - 53,29 | 15,50 | 7,95 | - 48,68 |
| K Култура | - | - | - | - | - | - |
| L Спорт и рекреација | - | - | - | - | - | - |
| M Програми за развој | - | - | - | - | - | - |
| N Образование | 37.390.718 | 41.752.660 | 11,67 | 20,37 | 24,98 | 22,68 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Q Заштита и спасување | - | - | - | - | - | - |
| R Заштита на животна средина | 3.210.050 | 5.516.484 | 71,85 | 1,75 | 3,30 | 88,80 |
| T Здравствена заштита | - | - | - | - | - | - |
| V Детски градинки и домови за стари лица | 4.554.426 | 5.098.771 | 11,95 | 2,48 | 3,05 | 22,99 |
| W Противпожарна заштита | - | - | - | - | - | - |
| X Родова еднаквост | - | - | - | - | - | - |
| **Вкупно** | **183.593.517,00** | **167.112.867,00** | **-8,98** | **100,00** | **100,00** | **-** |

Општина Новаци е решена да преземе активни мерки за унапредување на јавниот финансиски менаџмент. Врз основа на извршените анализи, Општината ќе се насочи кон следните приоритетни активности:

**1. Подобрување на планирањето и структурата на буџетот по програми и функции**

Општина Новаци ќе воведе буџетирање засновано на резултати (performance-based budgeting), со јасно дефинирани цели, индикатори и мерила за успех. Со оваа мерка ќе се обезбеди ревидирање на расходите по програми, при што ќе се намали доминантниот удел на трошоците за општинска администрација (над 50% во последните две анализирани години), а ќе се зголеми фокусот на:

- Инфраструктурни и комунални проекти – водоснабдување, патишта, управување со отпад,
- Локален економски развој – поттикнување на земјоделството и руралните бизниси,
- Урбанистичко планирање и заштита на животната средина – континуирано и реално финансирање на овие области.

**2. Јакнење на приходната страна со фокус на одржливи извори**

Општината ќе изработи стратегија за проширување на даночната основа со цел да обезбеди стабилни и долгорочни извори на приходи. Ова ќе се постигне преку:

- Подобрување на наплатата на данок на имот, комунални такси и данок на промет со недвижнини,
- Ревидирање и постепено прилагодување на даночните стапки во согласност со реалните потреби и законските можности,
- Развивање на алтернативни извори на финансирање, како што се:
  - проекти за јавно-приватно партнерство,
  - активно аплицирање за ЕУ фондови и други меѓународни програми.

**3. Рационализација на трошоците за општинска администрација**

За да се овозможи зголемување на капиталните инвестиции, Општина Новаци ќе спроведе сеопфатна кадровска анализа, со која ќе се процени:

- постоење на можни прекубројни вработувања,
- преклопувања на работни позиции,
- потреба за нов кадар во стратешки области.

Паралелно, ќе се воведат дигитални решенија и модернизација на административните процеси, со цел:

- да се зголеми ефикасноста на работењето,
- да се намалат тековните трошоци за плати и надоместоци,
- да се овозможи подобра услуга кон граѓаните.

**4. Зголемување на транспарентноста и отчетноста кон граѓаните**

Општината е посветена на отворено и транспарентно работење, преку:

- Организирање на граѓански форуми и јавни расправи во соработка со месните заедници,
- Редовно објавување на квартални извештаи за реализација на буџетот со јасен опис на започнати и завршени проекти,
- Развивање на онлајн портал за отворени финансии на веб-страницата на Општината, каде што приходите и расходите ќе бидат прикажани во реално време или во јасен и разбирлив формат (Excel, PDF).

Општината ќе обезбеди и јавно достапни податоци за јавни набавки, како и записници од седниците на Советот, со цел граѓаните да имаат целосен увид во работењето.

**5. Подобрување на управувањето со животната средина и урбан развој**

Иако во 2023 година расходите за програмите за заштита на животната средина се зголемени речиси шест пати, нивниот удел во вкупниот буџет останува релативно низок (под 2% во 2023 и 3,3% во 2024 година).

Општина Новаци ќе работи на:

- Задржување и понатамошно зголемување на средствата за животна средина,
- Финансирање на капитални проекти за заштита на природните ресурси и подобрување на квалитетот на животната средина,
- Интегрирање на урбанистичките планови со еколошките политики за одржлив локален развој.

Со спроведување на овие активности, Општина Новаци ќе обезбеди поефикасно управување со јавните финансии, зголемена отчетност пред граѓаните и создавање услови за одржлив економски и социјален развој.

**8.1. Програма за урбанизам, градење и уредување на просторот и градежното земјиште (УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ)**

Предмет на оваа програма е располагањето, управувањето и менаџирање со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија на територијата на општина Новаци дефинирана според територијалната организација на Република Северна Македонија. Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Новаци ги третира територииите односно опфатите на општите акти каде земјиштето е во сопственост на Република Северна Македонија и каде што согласно Законот за градежно земјиште може да се оствари промет на градежното земјиште во рамките и на начин определен со Законот за градежно земјиште.

**Цели на програмата:** Обезбедување на услови за социо – економски развој на општината преку обезбедување просторни услови за развој што ќе им овозможат на заинтересираните правни и физички лица изградба на сопствени простории за обавување на одредена дејност, а потоа и да придонесат за развојот на општина Новаци на начин што ќе обезбедат вработување на невработени лица и обезбедување на подобри услови за живеење од една страна, а од друга страна и давање на можност за користење на расположливите ресурси.

**Потпрограма за управување со градежно земјиште на територијата на општина Новаци**

| **Име на буџетска програма** | **Урбанистичко планирање** | **Ознака на буџетска/општинска програма** | |
|---|---|---|---|
| **Потпрограма за урбанистичко планирање** | Располагање со градежно земјиште во сопственост на РСМ | Ознака на развојна потпрограма | |
| **Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма)** | Обезбедување на услови за социо-економски развој на општината преку правење просторни услови за развој | | |
| **Планирани активности** | 1 – Намена на градежно земјиште за домување во станови и куќи 2 – Изградба на објекти од лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, парковско зеленило, заштитно зеленило, комунална супраструктура, сообраќајна сигнализација, канализациски структури | | |
| **Очекувани резултати / ефекти** | Приходи од продажба на градежно земјиште на територијата на општината; планирање и уредување на земјиштето и изградба на планираните објекти на градежното земјиште на територија на општина Новаци | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ризик и претпоставки** | 1 - Остварување на очекуваните приходи во буџетските години; 2 – Доцнење со реализацијата на програмата и предвидените активности; 3 - Динамиката на извршувањето ќе зависи од создадените правни и технички услови, како и од приливот на средствата од надоместокот за продажба, давање под закуп и/или уредување на градежно земјиште и другите средства согласно Буџетот на Општина Новаци итн. | | | |
| **Датум на започнување со имплементација на проектот** | Март 2025 | | | |
| **Датум на завршување на проектот** | Декември 2028 | | | |
| **Вкупна вредност** | 23.374.350,00 денари | | | |
| **Име на студија** | / | | | |
| | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 |
| **Индикатори** | 5.715.000,00 | 5.829.300,00 | 5.886.450,00 | 5.943.600,00 |
| **Статус на реализација на проектот** | На годишно ниво се изготвува документацијата за располагање со градежно земјиште во сопственост на РСМ на територијата на општина Новаци | | | |
| **Начин на реализација (самостојно или во партнерство)** | Буџет на Општина Новаци и прилив од приходи по основ на продажба, давање под закуп и уредување на градежно земјиште, како и донации и проекти | | | |
| **Родова респонзивност (краток опис)** | Потпрограмата ќе ги таргетира потребите и на мажите и на жените, како и на маргинализираните групи на граѓани. Тоа ќе се обезбеди преку учество на жените и маргинализираните групи на граѓани во процесите на јавно наддавање, следење на процесот на отуѓување и уредување на градежното земјиште, како и учество во јавните расправи со што ќе се овозможи урбаните решенија да ги задоволуваат потребите на граѓаните на територијата на општина Новаци, а во исто време ќе бидат и родово-сензитивни. | | | |

## Потпрограма за уредување на градежно земјиште на територијата на општина Новаци

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Име на буџетска програма** | **Урбанистичко планирање** | **Ознака на буџетска/општинска програма** | |
| **Потпрограма за урбанистичко планирање** | Уредување на градежно земјиште на територија на општина Новаци | Ознака на развојна потпрограма | |
| **Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма)** | Уредување на работите што го сочинуваат обемот на уредување и степенот на опремување на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации, се определува надоместокот и начинот на здружување и насочување на средствата за уредување на земјиштето | | |
| **Планирани активности** | 1 – Подготвување и расчистување на градежното земјиште и 2- Опремување на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Очекувани резултати / ефекти** | Приходи од уредување и располагање со градежното земјиште, како и изградба на планираните објекти на градежното земјиште на територија на општина Новаци | | | |
| **Ризик и претпоставки** | 1 - Остварување на очекуваните приходи во буџетските години; 2 – Доцнење со реализацијата на програмата и предвидените активности; 3 - Динамиката на извршувањето ќе зависи од создадените правни и технички услови, како и од приливот на средствата од надоместокот за продажба, давање под закуп и/или уредување на градежно земјиште и другите средства согласно Буџетот на Општина Новаци; 4 – Ненавремено изготвување на урбанистичко-техничката документација итн. | | | |
| **Датум на започнување со имплементација на проектот** | Март 2025 | | | |
| **Датум на завршување на проектот** | Декември 2028 | | | |
| **Вкупна вредност** | 23.374.350 денари | | | |
| **Име на студија** | Програма за уредување на градежно земјиште | | | |
| | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 |
| **Индикатори** | 5.715.000 | 5.829.300 | 5.886.450 | 5.943.600 |
| **Статус на реализација на проектот** | Уредувањето на земјиштето претставува еден континуиран процес кој се одвива повеќегодишно и во повеќе фази | | | |
| **Начин на реализација (самостојно или во партнерство)** | Буџет на Општина Новаци и прилив од приходи по основ на продажба, давање под закуп и уредување на градежно земјиште, како и донации и проекти | | | |
| **Родова респонзивност (краток опис)** | Потпрограмата ќе ги таргетира потребите и на мажите и на жените, како и на маргинализираните групи на граѓани. Тоа ќе се обезбеди преку учество на жените и маргинализираните групи на граѓани во процесите на уредување на градежното земјиште, изградба на комуналната инфраструктура како и учество во јавните расправи со што ќе се овозможи урбаните решенија да ги задоволуваат потребите на граѓаните на територијата на општина Новаци, а во исто време ќе бидат и родово-сензитивни. | | | |

## Потпрограма за изработка на урбанистички планови

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Име на буџетска програма** | **Урбанистичко планирање** | **Ознака на буџетска/општинска програма** | |
| **Потпрограма за урбанистичко планирање** | Изработка на урбанистички планови | Ознака на развојна потпрограма | |
| **Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма)** | Планирањето е основа за создавање на единствена реална функционална целина преку која се овозможува и отворање на нови локации за: домување, комерцијални и деловни намени, јавни институции, производство, дистрибуција и сервиси и зеленило и рекреација. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Планирани активности** | 1 – Изработка на урбанистички планови за селата: Новаци, Гермијан, Живојно, Рибарци, Градешница, Будимирци итн. 2 – Изработка на урбанистички планови вон населено место - Урбанистички план за вон населено место за изградба на објекти со намена Б2.6- Магацин на К.П.бр.1059, К.П.бр.1060, К.П.бр.1061, К.П.бр.1065, К.П.бр.1066/1 и К.П.бр.1066/2, К.О. Гермијан, Општина Новаци; 3 – Изработка на урбанистички проекти за изградба на локални патишта, фекална канализација и постројки за термички, физичко-хемиски и хемиски третман на неопасен отпад; 4 - АУП за формирање на градежни парцели со намена Г2 за изградба на фабрика за производство на СО2, минерална вода и екстракти од треви и билки за КП бр.876 и КП бр.877/4 КО Новаци, согласно УПВНМ за фабрика за производство на на СО2 и екстракти од треви билки за градежна парцела бр.1, Општина Новаци; 5- Проекти за инфрастрктура | | | |
| **Очекувани резултати / ефекти** | Приходи од уредување, градба и користење на градежно земјиште на територијата на општина Новаци | | | |
| **Ризик и претпоставки** | 1 - Остварување на очекуваните приходи во буџетските години; 2 – Доцнење со реализацијата на програмата и предвидените активности; 3 - Динамиката на извршувањето ќе зависи од создадените правни и технички услови, склучените договори со инвеститорите, како и од приливот на средствата од надоместоците за градба, уредување и користење на градежно земјиште и другите средства согласно Буџетот на Општина Новаци итн. | | | |
| **Датум на започнување со имплементација на проектот** | Март 2025 | | | |
| **Датум на завршување на проектот** | Декември 2028 | | | |
| **Вкупна вредност** | 79.376.675денари | | | |
| **Име на студија** | / | | | |
| | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 |
| **Индикатори** | 19.407.500.00 | 19.795.650 | 19.989.725 | 20.183.800 |
| **Статус на реализација на проектот** | За реализација на оваа потпрограма секоја година се изготвува извештај за нејзиното спроведување, по завршување на планскиот период | | | |
| **Начин на реализација (самостојно или во партнерство)** | Буџет на Општина Новаци и прилив од приходи по основ на градба, уредување и користење на градежно земјиште, како и финансирање од други извори | | | |
| **Родова респонзивност (краток опис)** | Потпрограмата ќе ги таргетира потребите и на мажите и на жените, како и на маргинализираните групи на граѓани. Тоа ќе се обезбеди преку учество на жените и маргинализираните групи на граѓани во јавните расправи при изготвувањето на урбанистичко-техничката документација, како и реализацијата на планираните урбанистички проекти. На таков начин ќе се овозможи урбаните решенија и инвестиции да ги задоволуваат потребите на граѓаните на територијата на општина Новаци, а во исто време ќе бидат и родово-сензитивни. | | | |

## 8.2. Програма за КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ

Програмата за комунални дејности треба да ја подобри комуналната инфраструктура и да го унапреди квалитетот на живот на локалното население во делот на системите за водоснабдување, канализационата мрежа, управувањето со отпад итн. Управувањето со локалните водоводи е од витално значење за подобрување на животниот стандард и заштита на јавното здравје, како и за обезбедување ефикасна и одговорна употреба на водните ресурси. На ваков начин ќе се придонесе и кон севкупниот социјален и економски развој на општината.

**Потпрограма за изградба и реконструкција на системи за водоснабдување**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Име на буџетска програма** | **Комунални дејности** | **Ознака на буџетска/општинска програма** | | |
| **Потпрограма за комунални дејности** | Изградба и реконструкција на системи за водоснабдување, изградба на канализациона мрежа и атмосферска канализација | Ознака на развојна потпрограма | | |
| **Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма)** | Развојната програма треба да донесе рамномерен инфраструктурен развој на општина Новаци и да го подобри квалитетот на живот на локалното население во повеќе области: патна инфраструктура, канализациона мрежа, атмосферска канализација, јавна чистота. | | | |
| **Планирани активности** | 1 – Реконструкција на системи за водоснабдување по месни заедници; 2 – Изградба на канализациони мрежи со пречистителни станици во селата Гермијан и Добромири; 3 – Изградба на атмосферска канализација во с. Новаци, Добромири и др.села во општината; 4 – Набавка на пластични канти за отпад и контејнери за селектирање на отпад; 5 - Изградба на тротоари во с. Новаци ( до манастир Рождество на Пресвета Богородица | | | |
| **Очекувани резултати / ефекти** | Подобрена комунална инфраструктура на подрачјето на општина Новаци | | | |
| **Ризик и претпоставки** | 1 – Ненавремено отпочнување со активностите; 2 – Доцнење со подготовка на техничка документација и изведувачи; 3 – Пробивање на динамиката на изведба на работите; 4 – Надминување на финансиска конструкција | | | |
| **Датум на започнување со имплементација на проектот** | Март 2025 | | | |
| **Датум на завршување на проектот** | Декември 2028 | | | |
| **Вкупна вредност** | 43.842.000 денари | | | |
| **Име на студија** | / | | | |
| | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 |
| **Индикатори** | 10.600.000,00 | 11.300.000,00 | 10.918.000 | 11.024.000 |

| | |
|---|---|
| **Статус на реализација на проектот** | Во процес на изградба |
| **Начин на реализација (самостојно или во партнерство)** | Буџет на Општина Новаци, Министерство за локална самоуправа, други извори на финансирање и донации |
| **Родова респонзивност (краток опис)** | Потпрограмата ќе ги таргетира потребите и на мажите и на жените, како и на маргинализираните групи на граѓани. Изработката на документацијата и процесот на изградба на системите за водоснабдување, канализационата мрежа и локалните патишта ќе биде отворен за јавноста и со подеднакво вклучување во процесите и на мажите и на жените. |

## Потпрограма за одржување на локални водоводи на територија на општина Новаци

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Име на буџетска програма** | **Комунални дејности** | **Ознака на буџетска/општинска програма** | |
| **Потпрограма за одржување на локални водоводи** | Одржување на локални водоводи | Ознака на развојна потпрограма | |
| **Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма)** | Целта на оваа програма е да обезбеди ефикасна и одржлива инфраструктура за водоснабдување преку јасно дефинирани активности и финансиски механизми, со што ќе се поттикне подобрување на квалитетот на животот и заштита на природните ресурси | | |
| **Планирани активности** | 1 – Редовно одржување на водоводот во населените места Бач, Брод и Живојно (сервисирање на пумпни станици, редовно хлорирање на водата, лабораториски испитувања од страна на Центарот за јавно здравје Битола) 2 - Реконструкции и замена на делови на водоводните мрежи на територија на општина Новаци (реконструкција на постоечките резервоари и шахти за водоводните системи, замена на застарените цевководи, водоводни црева, вентили и други инфраструктурни и водоводни елементи | | |
| **Очекувани резултати / ефекти** | Подобрување на квалитетот и достапноста на водата за жителите во Бач, Брод и Живојно, како и навремено одговарање на барањата за интервенции во останатите населени места, намалување на дефектите и прекините во водоснабдувањето преку редовно одржување и модернизација на инфраструктурата, Намалување на губитоците на вода и зголемување на енергетската ефикасност на пумпните станици | | |
| **Ризик и претпоставки** | 1 – Ненавремено отпочнување со активностите; 2 – Доцнење со подготовка на техничка документација и изведувачи; 3 – Пробивање на динамиката на изведба на работите; 4 – Надминување на финансиска конструкција | | |
| **Датум на започнување со имплементација на проектот** | Март 2025 | | |
| **Датум на завршување на проектот** | Декември 2028 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупна вредност** | 4.908.000 денари | | | |
| **Име на студија** | Програма за одржување на локални водоводи | | | |
| | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 |
| **Индикатори** | 1.200.000,00 | 1.224.000 | 1.236.000 | 1.248.000 |
| **Статус на реализација на проектот** | Редовно одржување на водоводните системи, сервисирање и обезбедување на електрична енергија за системите, како и тековна реконструкција на инфраструктурата | | | |
| **Начин на реализација (самостојно или во партнерство)** | Буџет на Општина Новаци, Министерство за локална самоуправа, други извори на финансирање и донации | | | |
| **Родова респонзивност (краток опис)** | Потпрограмата ќе ги таргетира потребите и на мажите и на жените, како и на маргинализираните групи на граѓани. Изработката на документацијата и процесот на изградба, реконструкција и сервисирање на системите за водоснабдување ќе биде отворен за јавноста и со подеднакво вклучување во процесите и на мажите и на жените. | | | |

## Потпрограма за одржување на јавна чистота (јавни површини, паркови, зеленило и рекреативни површини)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Име на буџетска програма** | **Комунални дејности** | **Ознака на буџетска/општинска програма** | |
| **Потпрограма за одржување на јавна чистота** | Одржување на јавна чистота | Ознака на развојна потпрограма | |
| **Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма)** | Општата цел на програмата е да се обезбеди редовно чистење (метење и миење) на јавните површини и отворените простори на јавните објекти, како и чистењето на снегот и марзот во зимски услови. | | |
| **Планирани активности** | Во спроведувањето на програмата се изведуваат следните активности: - рачно метење на јавните површини, парковите, рекреативните површини; - машинско и рачно чистење на улиците од наноси на земја после врнежи од дожд; - миење на јавните површини; - собирање и транспортирање на отпадот до општинските времени депонии во населените места од општината; - рачно чистење на снегот и мразот во зимски услови. | | |
| **Очекувани резултати / ефекти** | Одржување на јавната чистота на територијата во општина Новаци | | |
| **Ризик и претпоставки** | 1 – Ненавремено отпочнување со активностите; 2 – Доцнење со дел од планираните активности (јавни набавки и сл.); 3 – Пролонгирање на активностите; 4– Надминување на финансиска конструкција и сл. | | |
| **Датум на започнување со имплементација на проектот** | Март 2025 | | |
| **Датум на завршување на проектот** | Декември 2028 | | |

| Вкупна вредност | 24.528.801.00 денари | | | |
|---|---|---|---|---|
| Име на студија | Програма за одржување на јавна чистота | | | |
| | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 |
| Индикатори | 5.997.254,00 | 6.117.199 | 6.177.171 | 6.237.177 |
| Статус на реализација на проектот | Тековна годишна реализација на програмата и планираните активности | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Буџет на Општина Новаци, Министерство за животна средина и просторно планирање, спонзорства и донации | | | |
| Родова респонзивност (краток опис) | Јавната чистота е клучна за придонес кон здрава животна средина на територијата на општина Новаци, а со тоа се придонесува и кон создавањето на еднаков квалитет на живот за сите граѓани, а во исто време чистата и здрава животна средина е основно човеково право кое што е загарантирано со Уставот на РСМ | | | |

## 8.3. Програма за ОБРАЗОВАНИЕ

Програмата за образование има за цел да обезбеди инклузивно, квалитетно и модерно образование како основа за развој на општина Новаци и тоа преку обезбедување на целосна поддршка и интеграција на децата со попреченост, воведување на нови програми за дигитална и стручна обука, зголемување на бројот на ученици кои што ќе учествуваат во воннаставни активности, стимулирање на сите талентирани и надарени ученици со парични награди итн.

| Име на буџетска програма | **Образование** | **Ознака на буџетска/општинска програма** | |
|---|---|---|---|
| **Потпрограма за образование** | Образование | Ознака на развојна потпрограма | |
| **Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма)** | Целта на оваа програма е да обезбеди ефикасно и непречено одвивање на образовниот процес во општина Новаци со вклучување и интергација на сите деца на територијата на општината | | |
| **Планирани активности** | 1 – Редовно одржување на училишните згради; 2 – Дезинфекција, дератизација и дезинсекција; 3 – Набавка на софтверска и компјутерска опрема; 4 – Обезбедување на превозни услуги итн. | | |
| **Очекувани резултати / ефекти** | Подобрување на квалитетот на образовниот процес во општина Новаци | | |
| **Ризик и претпоставки** | 1 – Ненавремено отпочнување со активностите; 2 – Доцнење со дел од планираните активности; 3 – Пробивање на динамиката на изведба на работите; 4 – Надминување на финансиска конструкција | | |
| **Датум на започнување со имплементација на проектот** | Март 2025 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Датум на завршување на проектот** | Декември 2028 | | | |
| **Вкупна вредност** | 183.358.790 денари | | | |
| **Име на студија** | Програма за образование | | | |
| | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 |
| **Индикатори** | 44.831.000,00 | 45.727.620 | 46.175.930 | 46.624.240 |
| **Статус на реализација на проектот** | Тековна годишна реализација на програмата и планираните активности | | | |
| **Начин на реализација (самостојно или во партнерство)** | Буџет на Општина Новаци, Влада на РСМ - Министерство за образование и наука, други извори на финансирање и донации | | | |
| **Родова респонзивност (краток опис)** | Реализацијата на потпрограмата ќе овозможи создавање на современи и квалитетни услови за едукација на децата во општина Новаци, а преку менторската поддршка и стимулирањето на учениците ќе се внимава на родовата еднаквост и создавањето на еднакви можности за сите ученици кои што живеат на територијата на општина Новаци. Сите училишта во општината ќе ги адресираат специфичните потреби на менструалното здравје на ученичките преку адаптација и модернизација на тоалетите, создавајќи безбедни, приватни и хигиенски услови. | | | |

## 8.4. Програма за СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Програмата за социјална заштита на Општина Новаци дефинира повеќе приоритетни активности од областа на социјалната заштита на граѓаните и граѓанките на Општина Новаци, кои имаат за цел да придонесат за унапредување на целокупната социо-економска и здравствена положба на граѓаните/ките на Општина Новаци. Социјалната заштита како темел врз кој се гради стратегијата за работа со граѓаните/ките на ниво на Локална самоуправа, е составен дел на Буџетот на Општина Новаци за заштита, помош и поддршка на лицата во социјален ризик, лицата со попреченост, старите лица, децата, односно сите оние кои што се изложени на социјален ризик од било каков вид кој што може да има последици врз нивната добробит. Во насока на подобрување на условите на локално ниво во сферата на социјалната заштита, Општина Новаци прави напори во рамките на своите можности да се вклучи посеопфатно и поорганизирно во решавање на проблемите на своите граѓани/ки. Поаѓајќи од тоа Програмата за социјална заштита на Општина Новаци е систем на мерки и активности насочени кон општо подобрување на условите за живот на сите граѓани/ки, особено на најсиромашните и социјално исклучените граѓани/ки кои најчесто се постари лица, жени, луѓе со попреченост и сл. Општина Новаци се обврзува да ги употреби сите расположливи ресурси притоа земајќи ги во предвид реалните услови за живот и потребите жените, мажите и децата, материјалните, професионалните и организациските можности на Општина Новаци. Социјалната заштита што ќе се развива на локално ниво, на граѓаните ќе им обезбеди социјална помош и социјални услуги кога тие не се во состојба самостојно да ја остварат својата социјална сигурност. Односно ќе обезбеди организирање на социјалната заштита преку организирање и развивање на облици и форми на давање социјални услуги на одделни групи на граѓани кои се нашле

во состојба на социјален ризик. Целни групи кои ќе бидат опфатени со Програмата со социјална заштита се сите граѓани/ки од Општина Новаци кои во моментот на своето живеење и делување биле зафатени или погодени од одредени социјални ризици. Притоа, програмата е родово-сензитивна, односно ги зема предвид различните потреби на жените и мажите во општината и препознава дека жените со сите нивни различности поради својата општествена улога многу почесто се во поголем социјален ризик од мажите.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Име на буџетска програма** | **Социјална заштита** | **Ознака на буџетска/општинска програма** | |
| **Потпрограма за социјална заштита** | Социјална заштита | Ознака на развојна потпрограма | |
| **Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма)** | Главна цел на Програмата за активности во областа на социјална, детска и здравствена заштита во Општина Новаци е да предложи форми на социјална, детска и здравствена грижа и да одреди приоритети во решавањето на истите во рамките на своите законски овластувања за добробит на своите граѓани/ки, земајќи ги во предвид различните потреби и интереси на жените и мажите, на старите и младите, девојчињата и момчињата. | | |
| **Планирани активности** | 1 – Парична помош и обезбедување на посебни мерки за социјална превенција и заштита на оддредени категории на лица (стари лица без семејна подршка, болни и изнемоштени лица, лица со попреченост, семејства настрадани од елементарни непогоди, самохрани родители без дополнителни приходи, лица кои останале без работа и приходи, жртви на семејно насилство и сл.); 2 - Еднократна парична помош за секое новородено дете и секое дете кое се запишува во прво одделение во ООУ "Славко Лумбарковски"- Новаци; 3 - Социјална заштита на стари лица – поддршка на активности на Здруженија на пензионери во насока на промоција на активна вклученост во општествениот и социјалниот живот; 4 - Ран детски развој - активности со кои се пружа помош и поддршка во работењето на ЈОУДГ "Бамби" с. Новаци; 5 - Организирање на хуманитарна акција за финансиска и материјална помош на ранливите групи на население; 6 - Поддршка на стручни организации и лица кои би организирале советодавна помош на категории граѓани во социјален ризик, обуки и активности за нивна интеграција, како и предавања и трибини за едукација против зависности и други болести; 7 - Соработка со Националната мрежа против насилството врз жените и семејно насилство, преку финансиска поддршка на Регионалниот женскиот центар за поддршка од Битола во кој можат да се обратат за помош и подршка жртви на насилство - жители на Општина Новаци | | |
| **Очекувани резултати / ефекти** | Социјалната заштита што ќе се развива на локално ниво, на граѓаните ќе им се обезбеди социјална превенција, социјална помош и социјални услуги кога тие не се во состојба самостојно да ја остварат својата социјална сигурност и кога се во исклучителна тешка состојба | | |
| **Ризик и претпоставки** | 1 – Ненавремено отпочнување со активностите; 2 – Доцнење со дел од планираните активности; 3– Надминување на финансиска конструкција и сл. | | |
| **Датум на започнување со имплементација на проектот** | Март 2025 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Датум на завршување на проектот** | Декември 2028 | | | |
| **Вкупна вредност** | 4.846.800 денари | | | |
| **Име на студија** | Програма за социјална заштита | | | |
| | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 |
| **Индикатори** | 1.185.000,00 | 1.208.700 | 1.220.550 | 1.232.400 |
| **Статус на реализација на проектот** | Тековна годишна реализација на програмата и планираните активности | | | |
| **Начин на реализација (самостојно или во партнерство)** | Буџет на Општина Новаци, Влада на РСМ - Министерство за социјална политика, демографија и млади, како и од други извори на финансирање и донации | | | |
| **Родова респонзивност (краток опис)** | Реализацијата на потпрограмата ќе овозможи заштита на семејствата и жените кои што се наоѓаат во социјален ризик, овозможува поддршка на семејствата кои што имаат новородени деца, а и ги штити тие кои што се наоѓаат во социјален ризик како и во предучилишните установи. Ќе се води родова статистика на корисниците на услугите која што ќе служи за креирање на мерки и програми согласно потребите на секоја целна група, а родовата статистика ќе биде јавно достапна и во електронска верзија на веб страницата на општината затоа што ова се податоци до кои што и најтешко се доаѓа како граѓанин/ка. | | | |

### 8.5. Програма за ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Програмата за активностите на Општина Новаци во областа на Локалниот економски развој се подготвува и се усвојува врз основа на надлежностите на локалната самоуправа кои произлегуваат од Законот за локална самоуправа, Статутот на општина Новаци, други позитивни законски одредби и препораките на Европската Унија за забрзување на процесот за децентрализација и креирање на буџетите на единиците на локалната самоуправа согласно транспарентно и плански усвоените развојни документи. Според членот 22 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа се уредува: локалниот економски развој, планирање на локалниот економски развој; утврдување на развојните и структурните приоритети; водење на локална економска политика; поддршка на развојот на малите и средните претпријатија и на претприемништвото на локално ниво и во тој контекст, учество во воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции и агенции и промовирање на партнерство“.

Со оваа Програма се утврдуваат развојните приоритети на Општина Новаци во областа на Локалниот економски развој. Активностите предвидени со оваа програма претставува дефиниран збир на проекти кои ќе бидат насочени кон континуиран одржлив развој и подобрување на животниот стандард на жителите на општина Новаци: создавање на услови за потикнување на локалниот економски развој, поддршка на проекти и активности кои придонесуваат за подобрување на локалниот и руралниот развој и меѓуопштинска и меѓународна соработка.

Сите активности на Општина Новаци ќе бидат во согласност со Стратегијата за ЛЕР 2023-2028 година. Преку нејзината реализација ќе се имплементираат голем број

на проекти во насока на подобрување на понудата на Општина Новаци како дестинација за рурален туризам, развој на локалната економија преку подобрување на општите услови за развој и подобрување на инфраструктурата и подготовка на јавните објекти за подобра искористеност кон гореспоменатите цели.

| **Име на буџетска програма** | **Локален економски развој** | **Ознака на буџетска/општинска програма** | |
|---|---|---|---|
| **Потпрограма за ЛЕР** | Локален економски развој | Ознака на развојна потпрограма | |
| **Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма)** | Континуиран развој на капацитетите на Општина Новаци за привлекување инвестиции, намалување на невработеноста преку развој и реализација на проекти, како и промоција на општината. Активна имплементација на добиените и аплицирање на нови проекти од домашни и меѓународни фондови. Следење и имплементација на стратегиите за развој на Општина Новаци и останатите статешки документи.. | | |
| **Планирани активности** | 1 –Гасификација на Новаци; 2 -Проект Индустриска зона во Новаци; 3 -Промоција на Општина Новаци и привлекување на домашни и странски инвестиции; 4 -Изградба на ветерници, фотоволтаични и биогасни централи во Општина Новаци; 5 -Подготовка на проекти согласно стратешките документи и годишните програми на општината за аплицирање пред домашни и меѓународни фондови; 6 -Партиципација односно сопствено учество на Општина Новаци при аплицирање и реализација на проекти од ЕУ фондови, државни фондови, институции, и други донатори; 7 -Соработка на Општина Новаци со општините од регионот и со други општини во подготовка и реализација на заеднички проекти и активности; 8 -Изработка на потребна техничка документација која е неопходна за аплицирање на проекти до отворени повици на програмите за развој на домашни фондови и преку програмите за развој на Европската Унија и други меѓународни фондови; 9- Поддршка на Пелагонискиот плански регион и учество во подготовка на стратегии и програми за развој како и партиципација односно сопствено учество на Општина Новаци при аплицирање и реализација на регионални проекти во рамките на Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион; 10 – Поддршка за развој на МСП и претприемништво; 11 -Систем за наводнување од акумулацијата Суводол 12 - Изградба на секундарна мрежа во Живојно и Бач 13 - Изградба на полски патишта – 2 милион денари; 14 - Редовно прочистување на одводните и доводните канали покрај река Црна низ Новачко поле; 15 - Поддршка за формирање на земјоделски задруги; 16 - Изградба на водопоила и санација на посоечките во селата; 17 – Изработка на ЛЕАП; 18 – Изградба на патна инфраструктура; 19 – Меѓуопштинска соработка; 20- Поттикнување на развојот на туризмот во општина Новаци; 21 – Вложување во прекугранична и меѓународна соработка; 22 – Изградба на одржлив систем на комуникација и комуникациски менаџмент итн. | | |
| **Очекувани резултати / ефекти** | Интензивиран локален економски развој преку континуирано зајакнување на капацитетите за привлекување инвестиции. Реализирана бизнис и туристичка промоција на Општината Новаци на домашен и меѓународен план. Зајакнати капацитети за промоција на Општината и привлекување инвестиции. Зголемена енергетска ефикасност на објектите под надлежност и во сопственост на Општина Новаци, како и давање на субвенции на населението за набавка на високоефикасни инвертер клими, субвенционирање за монтажа на соларни бојлери и сл, | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | поставување на фотоволтаици на крововите на општинските објекти за заштеда на електрична енергија и заштита на животната средина | | | |
| **Ризик и претпоставки** | 1 – Ненавремено отпочнување со активностите; 2 – Доцнење со дел од планираните активности; 3 – Пролонгирање на активностите; 4– Надминување на финансиска конструкција и сл. | | | |
| **Датум на започнување со имплементација на проектот** | Март 2025 | | | |
| **Датум на завршување на проектот** | Декември 2028 | | | |
| **Вкупна вредност** | 706.022.604 денари | | | |
| **Име на студија** | Програма за локален економски развој | | | |
| | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 |
| **Индикатори** | 172.621.664,00 | 176.074.097 | 177.800.313 | 179.526.530 |
| **Статус на реализација на проектот** | Тековна годишна реализација на програмата и планираните активности | | | |
| **Начин на реализација (самостојно или во партнерство)** | Буџет на Општина Новаци, Влада на РСМ - Министерство за локална самоуправа, како и од други извори на финансирање и донации | | | |
| **Родова респонзивност (краток опис)** | Преку вложувањата во локалниот економски развој, развојот на претприемништвото, дигитализацијата ќе се подобрат условите и квалитетот за живот на сите жители на општината, а за жените и девојчињата се создаваат дополнителни можности за нивно економско активирање во локалната заедница | | | |

## 8.6. Програма за КУЛТУРА

Со донесување на системските закони кои се однесуваат на локалната самоуправа, а во контекст на процесот на децентрализација, општините добиваат и надлежност која се однесува на задоволување на културните права и потреби на граѓаните. Општинските културни активности и активностите на локалните културни установи и здруженија на граѓани во непосреден контакт со граѓаните многу попрецизно ќе ги откријат нивните културни потреби и формите за нивно задоволување, со што ќе го направат културниот живот во Општината побогат, поразновиден, подинамичен и поквалитетен.

Основни цели на Програмата на Општина Новаци од обласста на културата:

1.Доближување на културата до сите граѓани -Преку оваа цел треба да им се овозможи на сите граѓани на Општина Новаци рамноправно да учествуваат како творци и како корисници , во културата и во културните случувања.

2.Поттикнување на современото творештво , со посебен фокус на културните потреби на младите. -Земајќи ја во предвид перспективата на културниот развој , особен фокус ќе биде ставен на обезбедувањето материјални претпоставки за творештво и задоволувањето на културните потреби на младите.Ќе се поддржуваат и ќе се

охрабруваат истражувањата и потребата по нови изразни средства, ќе се поддржуваат екпериментите и користењето нови медиуми на естетска експресија, како и проектите и установите што се занимаваат со продукција и ширење на културни содржини и вредности за младата популација

3.Обезбедување на активен однос на Општина Новаци кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на културата.

4.Зачувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на Општина Новаци

5.Зачувување и афирмирање на културниот идентитет на Општина Новаци.

6.Презентирање и афирмирање на творци и интерпретатори од областа на културата.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Име на буџетска програма** | **Култура** | **Ознака на буџетска/општинска програма** | |
| **Потпрограма за култура** | Култура | Ознака на развојна потпрограма | |
| **Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма)** | Основни цели на Програмата на Општина Новаци од областа на културата: 1. Доближување на културата до сите граѓани; 2. Поттикнување на современото творештво, со посебен фокус на културните потреби на младите; 3. Обезбедување на активен однос на Општина Новаци кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на културата. 4. Зачувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на Општина Новаци; 5. Зачувување и афирмирање на културниот идентитет на Општина Новаци. 6. Презентирање и афирмирање на творци и интерпретатори од областа на културата | | |
| **Планирани активности** | 1.Зачувување на континуитетот на одржување на традиционалните културно-уметнички манифестации. 2.Реализирање на манифестации , програми и проекти кои и даваат посебно посебно обележје на Општина Новаци 3.Создавање на услови за гостување на еминентни уметници од Република Македонија и странство во Општина Новаци 4.Унапредување на меѓународната културна комуникација врз реципрочна основа со збратимените градови на Општина Новаци; 5.Остварување на продуктивна соработка со меѓународни асоцијации, организации и фондации кои го помагаат развојот на културата во локалните заедници; 6 – Организација на културни манифестации, концерти, снимање на документарни филмови, изложби, одбележување на важни датуми во текот на годината итн. | | |
| **Очекувани резултати / ефекти** | Подобрен културен и социјален живот на жителите на општина Новаци | | |
| **Ризик и претпоставки** | 1 – Ненавремено отпочнување со активностите; 2 – Доцнење со дел од планираните активности; 3 – Пролонгирање на активностите; 4– Надминување на финансиска конструкција и сл. | | |
| **Датум на започнување со имплементација на проектот** | Март 2025 | | |
| **Датум на завршување на проектот** | Декември 2028 | | |
| **Вкупна вредност** | 2.045.000 денари | | |
| **Име на студија** | Програма за култура | | |

| | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 |
|---|---|---|---|---|
| **Индикатори** | 500.000,00 | 510.000 | 515.000 | 520.000 |
| **Статус на реализација на проектот** | Тековна годишна реализација на програмата и планираните активности | | | |
| **Начин на реализација (самостојно или во партнерство)** | Буџет на Општина Новаци, државни институции, спонзорства и донации | | | |
| **Родова респонзивност (краток опис)** | Реализацијата на потпрограмата ќе овозможи создавање на современи и квалитетни услови за социјален и културен живот во рамките на општината, а тоа меѓудругото ќе ја подобри и социјалната инклузија на мажите и жените, девојчињата и момчињата. Заради родов баланс, но и мотивирање на учесниците на манифестациите од помалку застапениот пол ќе се води родова статистика, ќе се објавуваат повици за вклучување на мажите и жените, момчињата и девојчињата со точен број по колку од кој пол се потребни, а исто така ќе се води и родова статистика за бројот на посетители на културните манифестации и настани. Ќе се настојува да се обезбеди паритет и во делот на изведувачите вклучени во културните настани. | | | |

## 8.7. Програма за СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

Спортот е дејност која ги опфаќа сите форми на спортски активности на спортистите од сите возрасти, како и спортско-рекреативните активности на граѓаните. Заради остварување на потребите за занимавање со активности и заштита на правата и интересите од областа на спортот, граѓаните можат слободно и доброволно да се здружуваат и да основаат спортски здруженија. Во рамки на надлежностите што ги има општината во делот на спортот и рекреацијата (развојот на масовниот спорт и рекреативните активности, организирање на спортски приредби и манифестации, одржување и изградба на објекти за спорт, поддршка на спортски сојузи), а со цел развој на физичката култура кај младите, што помасовен опфат на млади лица на спортските терени и превентивно делување, а воедно и одвраќање на младите од пороците кои што ги демнат на секој чекор во нашето современо секојдневие, општина Новаци настојува да ја одржи и продолжи спортската традиција кај Новачани, а воедно дава голем придонес во развојот на физичката култура во општината.

| **Име на буџетска програма** | **Спорт и рекреација** | **Ознака на буџетска/општинска програма** | |
|---|---|---|---|
| **Потпрограма за спорт и рекреација** | Програма за спроведување на активности на спортските друштва и одржување на спортската инфраструктура | Ознака на развојна потпрограма | |
| **Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на** | Развој на физичката култура кај младите, што помасовен опфат на млади лица на спортските терени и превентивно делување, а воедно и одвраќање на младите од пороците кои што ги демнат на секој чекор во нашето современо секојдневие, како и одржување и продолжување на спортската традиција во општината. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **развојната потпрограма)** | | | | |
| **Планирани активности** | 1 – Организирање на меморијален турнир "Пеце Матичевски 2025"; 2 – Поддршка на спортски клуб ФК Новаци; 3 – Трансфер на останати спортски клубови; 4 – Поттикнување на спортски активности на децата и младинците; 5 – Поттикнување и помагање на организирањето на спортски приредби и манифестации итн. | | | |
| **Очекувани резултати / ефекти** | Унапредување на спортскиот и рекреативен живот на жителите на општина Новаци | | | |
| **Ризик и претпоставки** | 1 – Ненавремено отпочнување со активностите; 2 – Доцнење со дел од планираните активности; 3 – Пролонгирање на активностите; 4– Надминување на финансиска конструкција и сл. | | | |
| **Датум на започнување со имплементација на проектот** | Март 2025 | | | |
| **Датум на завршување на проектот** | Декември 2028 | | | |
| **Вкупна вредност** | 28.630.000 денари | | | |
| **Име на студија** | Програма за спроведување на активности на спортските друштва и одржување на спортската инфраструктура во општина Новаци | | | |
| | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 |
| **Индикатори** | 7.000.000,00 | 7.140.000 | 7.210.000 | 7.280.000 |
| **Статус на реализација на проектот** | Тековна годишна реализација на програмата и планираните активности | | | |
| **Начин на реализација (самостојно или во партнерство)** | Буџет на Општина Новаци, државни институции, спонзорства и донации | | | |
| **Родова респонзивност (краток опис)** | Мерките, конкурсите и натпреварите ќе бидат подеднакво достапни и за момчињата и за девојчињата, а на таков начин ќе бидат прилагодени и сите изградени или уредени спортски објекти, патеки, игралишта и сл. Сите мерки и градби ќе бидат подеднакво достапни за користење и од страна на лицата со попреченост , а доколку општината увиди потреба ќе крерира и посебни афирмативни мерки за вклучување на лицата со попреченост во спортски и рекреативни активности. | | | |

## 8.8. Програма за ЖИВОТНА СРЕДИНА

Програмата на Општина Новаци за заштита на животната средина е насочена кон спроведување на активности за заштита на животната средина во надлежност на локалната самоуправа, исполнување на барањата на македонското законодавство за животна средина, обезбедување на поквалитетни услови за живот на граѓаните и почиста животна средина во општината.

Општи цели на програмата: - да се обезбедат практични и финансиски изводливи решенија за приоритетните проблеми и активности во областа заштита на животната средина; - прифаќање на еколошката проблематика во останатите секторски програми во насока на одржлив развој на локалната заедница. Специфични цели на Програмата:

- Системска контрола на квалитетот на животната средина во општината; - Спроведување на Оцена на влијанието врз животната средина уште во процесот на планирање на проектите за да се превенираат последиците од загадување на животната средина; - Изработка на стратешки документи за заштита на животната средина; - Систематизирано спроведување на постојани подобрувања со постојниот систем за управување со отпадот во општината; - Зголемување на новите зелени површини во општината, уредување на запуштени зелени површини, амортизирање на загадувањето на почвата, воздухот и бучавата, подобрување на визуелниот изглед на урбаната средина, како и активности за пошумување

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Име на буџетска програма** | **Животна средина** | **Ознака на буџетска/општинска програма** | |
| **Потпрограма за животна средина** | Програма за животна средина | Ознака на развојна потпрограма | |
| **Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма)** | - Да се обезбедат практични и финансиски изводливи решенија за приоритетните проблеми и активности во областа заштита на животната средина; - прифаќање на еколошката проблематика во останатите секторски програми во насока на одржлив развој на локалната заедница. Специфични цели на Програмата: - Системска контрола на квалитетот на животната средина во општината; - Спроведување на Оцена на влијанието врз животната средина уште во процесот на планирање на проектите за да се превенираат последиците од загадување на животната средина; - Изработка на стратешки документи за заштита на животната средина; - Систематизирано спроведување на постојани подобрувања со постојниот систем за управување со отпадот во општината; - Зголемување на новите зелени површини во општината, уредување на запуштени зелени површини, амортизирање на загадувањето на почвата, воздухот и бучавата, подобрување на визуелниот изглед на урбаната средина, како и активности за пошумување | | |
| **Планирани активности** | **Воздух и енергетска ефикасност**: - Замена на печките кои користат огревно дрво со клима уреди, преку мерки за субвенционирање на домаќинствата ; -Субвенционирање на домакинствата за поставување на сончеви колектори и бојлери - Субвенционирање на домаќинствата за изработка на енергетско-ефикасни фасади; - Субвенционирање при изработка на енергетско-ефикасни фасади во училиштата - Континуирано информирање на домаќинствата за редовно чистење на оџаците бидејќи неисчистениот оџак е дупло поголем загадувач. -Изградба на велосипедски и пешачки патеки и стимулирање на здрави навики – продолжување на субвенционирањето на жителите на општината за купување на велосипеди. -Стимулирање на користење на фотоволтаични системи во јавни , деловни ,комерцијални, индустриски и стамбени објекти на подрачјето на општина Новаци. -Изградба на Smart парк во склоп на пешачко-рекреативната патека од Новаци до Манастирот Рождество на Пресвета Богородица во Новаци -Поставување на термо пумпа за загревање на ЦОУ „Славко Лумбарковски" во Новаци; **Отпад:** - Акција за чистење на диви депонии (на повеќе локации низ општината има доста диви депонии и истите треба да се исчистат со користење на механизацијата со која располага ЈПКД,,Комунална хигиена "Новаци или преку јавна набавка; **Вода:** - Изградба на пречистителни станици во две села:Новаци и Добромири на подрачјето на општината -Уредување на канали и собирање на растителни остатоци и нивна употреба за горење - Унапредување на системот за управување со отпад; **Почва:** -Акција за пошумување со нови зелени површини низ скоро сите населени места со | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | подигнување на свеста на локалното население за пошумување на голите површини уништени од пожари итн | | | |
| **Очекувани резултати / ефекти** | Подобрување на квалитетот на животната средина во општина Новаци | | | |
| **Ризик и претпоставки** | 1 – Ненавремено отпочнување со активностите; 2 – Доцнење со дел од планираните активности (јавни набавки и сл.); 3 – Пролонгирање на активностите; 4– Надминување на финансиска конструкција и сл. | | | |
| **Датум на започнување со имплементација на проектот** | Март 2025 | | | |
| **Датум на завршување на проектот** | Декември 2028 | | | |
| **Вкупна вредност** | 21.560.026.00 денари | | | |
| **Име на студија** | Програма за животна средина на општина Новаци | | | |
| | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 |
| **Индикатори** | 5.271.400,00 | 5.376.828.00 | 5.429.542.00 | 5.482.256.00 |
| **Статус на реализација на проектот** | Тековна годишна реализација на програмата и планираните активности | | | |
| **Начин на реализација (самостојно или во партнерство)** | Буџет на Општина Новаци, Министерство за животна средина и просторно планирање, спонзорства и донации | | | |
| **Родова респонзивност (краток опис)** | Енергетската ефикасност како и користењето на обновливите извори на енергија директно влијае на намалувањето на енергетската сиромаштија од која што често пати се погодени пред се жените или семејствата во социјален ризик, а со тоа се придонесува и кон создавањето на еднаков квалитет на живот за сите граѓани на територијата на општина Новаци, а во исто време чистата и здрава животна средина е основно човеково право кое што е загарантирано со Уставот на РСМ | | | |

## 8.9. Програма за РОДОВА ЕДНАКВОСТ

Програмата за активности од областа на еднаквите можности на жените и мажите во Општина Новаци за 2025 година, има за цел да ја промовира и унапреди родовата еднаквост согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите ( "Службен весник на РМ" бр.201/2015) со кој се забранува и казнува секаков вид дискриминација врз основа на пол во јавниот и приватниот сектор во областа на вработувањето и трудот, образованието, социјалната сигурност, културата, спортот односно во сите сфери на човековото живеење. Годишната програма за еднакви можности на Општина Новаци опфаќа активности од областа на родовата еднаквост и недискриминација, иницијативи и акции кои ќе водат кон унапредување на положбата на мажите и жените и заштитата од дискриминација. Политиката на остварувањето на еднаквите можности на жените и мажите треба да овозможи еднакво учество, услови, статус и третман во остварувањето на правата во сите области на општественото живеење. Политиката на родова рамноправност и зајакнувањето на жените претставува едно од фундаменталните начела на демократијата и општествениот поредок. Родовата рамноправност во Република Северна Македонија е уставна категорија. Локалната власт може преку своите надлежности и преку координација со многубројните локални фактори, да презема конкретни акции во корист

на половата еднаквост, намалување на нееднаквостите и промовирање на вистинско еднакво општество.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Име на буџетска програма** | **Програма за еднакви можности на жените и мажите** | **Ознака на буџетска/општинска програма** | | |
| **Развојна потпрограма** | Програма за еднакви можности на жените и мажите | Ознака на развојна потпрограма | | |
| **Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма)** | • Промоција на родовата еднаквост како суштинска вредност на општината како локална заедница<br>• Подобрување на информираноста за човековите права, механизмите за заштита и родовата рамноправност<br>• Унапредување на заштита од насилство врз жени<br>• Унапредување на механизмите за учество на жените во процесот на носење на одлуки во заедницата со посебен акцент на вклучување на маргинализираните жени<br>• Зајакнување на свеста на жените и мажите за континуирана грижа и заштита на сопственото здравје итн. | | | |
| **Планирани активности** | Активностите за унапредување на состојбата со родовата рамноправност би се спроведувале преку следните форми и облици: - Работилници - Организирање обуки за определени прашања - Информирање на граѓаните - Организирање на коалиции од НВО за дејствување | | | |
| **Очекувани резултати / ефекти** | Еднакви можности и пристап на жените и мажите до ресурсите на општината | | | |
| **Ризик и претпоставки** | Пробивање на финансиската конструкција; пробивање на временски рокови за реализација; Недоволен интерес од страна на локалното население за реализација на предвидените активности итн. | | | |
| **Датум на започнување со имплементација на проектот** | Март 2025 година | | | |
| **Датум на завршување на проектот** | Декември 2028 година | | | |
| **Вкупна вредност** | 163.600,00 денари | | | |
| **Име на студија** | Програма за еднакви можности на општина Новаци | | | |
| | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 |
| **Индикатори** | 40.000 | 40.800 | 41.200 | 41.600 |
| **Статус на реализација на проектот** | Активностите се реализираат согласно годишните програми на општината | | | |
| **Начин на реализација (самостојно или во партнерство)** | Буџет на општина Новаци | | | |
| **Родова респонзивност (краток опис)** | Реализацијата на програмата за еднакви можности на жените и мажите овозможува еднаков пристап до ресурсите на општината за сите граѓани – жители на општината, а преку активностите се унапредува и практикувањето на родовата еднаквост во сите сфери на општественото живеење овозможувајќи им на жените и маргинализираните групи на граѓани подеднакво да имаат можност да се вклучат во креирањето и реализацијата на локалните политики на општината. Со тоа воедно се | | | |

| | |
|---|---|
| | зголемува и процесот на доверба и чувството на “сопственост“ на процесите. |

Активности на Одделението за правни, општи и јавни дејности во доменот на здравствена заштита, противпожарна заштита и заштита и спасување

Во текот на календарската година, Одделението за правни, општи и јавни дејности при Општина Новаци спроведува активности во рамки на неколку програми, со цел унапредување на благосостојбата на граѓаните и безбедноста на локалната заедница. Овие активности се координираат со надлежни институции и се фокусирани на превенција, информирање и подготвеност, иако во 2025 година се планирани многу малку средства за таа намена.

**8.10. Програма за ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА**

Општината активно следи состојбите поврзани со јавното здравје и соработува со надлежните здравствени установи за обезбедување на навремена и квалитетна здравствена услуга за жителите. Во текот на годината се реализираат активности како:

- Поддршка на превентивни здравствени кампањи и едукација (вакцинација, скрининг прегледи, превенција од заразни болести);
- Следење и поддршка на функционирањето на локалните здравствени пунктови;
- Комуникација со Министерството за здравство за навремено информирање и постапување во случаи на епидемии или вонредни состојби.

**8.11. Програма за ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА**

Противпожарната заштита во Општина Новаци се спроведува во соработка со Територијалната противпожарна единица на Битола и Дирекција за заштита и спасување Битола. Програмата опфаќа:

- Координација со единицата за теренско интервенирање при пожари на отворено или во објекти;
- Спроведување на активности за информирање на населението за ризиците од пожари, особено во летниот период;
- Учество во подготовка на планови за заштита и соработка при кризни ситуации;
- Континуирана соработка со месните заедници за евиденција на ризични подрачја и потреби од опрема.
- Поддршка на доброволни противпожарни друштва.

Иако во 2025 година се предвидени многу малку средства за оваа намена, оперативната соработка и подготвеноста остануваат активни преку постојаните канали со релевантните служби.

**8.12. Програма за ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ**

Во рамки на оваа програма, Општината има обврска за изготвување и ажурирање на планови за делување при природни непогоди и техничко-технолошки несреќи. Главни активности вклучуваат:

- Разработка и ажурирање на План за заштита и спасување;
- Едукација и вклучување на граѓаните и институциите во системот за рано предупредување и одговор;
- Соработка со Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување;
- Подготвеност за мобилизација на локални ресурси и служби при евентуална криза.

И покрај тоа што за овие програми се планирани многу малку буџетски расходи во 2025 година, активностите и системот на организација остануваат функционални, со цел навремено дејствување и заштита на граѓаните при какви било непредвидени ситуации.

## IX. БУЏЕТ НА ИЛРП

| Програма бр. | Потпрограма / Проект | Почеток на потпрограмата / проектот | Време за спроведување на потпрограмата / проектот | Проценета вредност на потпрограмата / проектот | Год. I (2025) | Год. II (2026) | Год. III (2027) | Год. IV (2028) | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ПРГ1: Урбанизам** | Потпрограма за управување со градежно земјиште | Март 2025 | Декември 2028 | 23.374.350,00 | 5.715.000,00 | 5.829.300,00 | 5.886.450,00 | 5.943.600,00 | 23.374.350,00 |
| | Потпрограма за уредување на градежно земјиште | Март 2025 | Декември 2028 | 23.374.350,00 | 5.715.000,00 | 5.829.300,00 | 5.886.450,00 | 5.943.600,00 | 23.374.350,00 |
| | Потпрограма за изработка на урбанистички планови | Март 2025 | Декември 2028 | 79.376.675,00 | 19.407.500,00 | 19.795.650,00 | 19.989.725,00 | 20.183.800,00 | 79.376.675,00 |
| **Вкупно ПРГ1** | | | | | 30.837.500,00 | 31.454.250,00 | 31.762.625,00 | 32.071.000,00 | **126.125.375,00** |
| **ПРГ2: Комунални дејности** | Потпрограма за изградба и реконструкција на системи за водоснабдување | Март 2025 | Декември 2028 | 43.842.000,00 | 10.600.000,00 | 11.300.000,00 | 10.918.000,00 | 11.024.000,00 | 43.842.000,00 |
| | Потпрограма за одржување на локални водоводи | Март 2025 | Декември 2028 | 4.908.000,00 | 1.200.000,00 | 1.224.000,00 | 1.236.000,00 | 1.248.000,00 | 4.908.000,00 |
| | Потпрограма за одржување на јавна чистота | Март 2025 | Декември 2028 | 24.528.801,00 | 5.997.254,00 | 6.117.199,00 | 6.177.171,00 | 6.237.177,00 | 24.528.801,00 |
| **Вкупно ПРГ2** | | | | | 17.797.254,00 | 18.641.199,00 | 18.331.171,00 | 18.509.177,00 | **73.278.801,00** |
| **ПРГ3: Образование** | Програма за образование | Март 2025 | Декември 2028 | 183.358.790,00 | 44.831.000,00 | 45.727.620,00 | 46.175.930,00 | 46.624.240,00 | **183.358.790,00** |
| **ПРГ4: Социјална заштита** | Програма за социјална заштита | Март 2025 | Декември 2028 | 4.846.800,00 | 1.185.000,00 | 1.208.700,00 | 1.220.550,00 | 1.232.400,00 | **4.846.650,00** |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ПРГ5: ЛЕР** | Програма за локален економски развој | Март 2025 | Декември 2028 | 706.022.604,00 | 172.621.664,00 | 176.074.097,00 | 177.800.313,00 | 179.526.530,00 | **706.022.604,00** |
| **ПРГ6: Култура** | Програма за култура | Март 2025 | Декември 2028 | 2.045.000,00 | 500.000,00 | 510.000,00 | 515.000,00 | 520.000,00 | **2.045.000,00** |
| **ПРГ7: Спорт и рекреација** | Програма за спорт и рекреација | Март 2025 | Декември 2028 | 28.630.000,00 | 7.000.000,00 | 7.140.000,00 | 7.210.000,00 | 7.280.000,00 | **28.630.000,00** |
| **ПРГ8: Животна средина** | Програма за животна средина | Март 2025 | Декември 2028 | 21.560.026,00 | 5.271.400,00 | 5.376.828,00 | 5.429.542,00 | 5.482.256,00 | **21.560.026,00** |
| **ПРГ9: Родова еднаквост** | Програма за родова еднаквост | Март 2025 | Декември 2028 | 1.400.000,00 | 40.000,00 | 40.800,00 | 41.200,00 | 41.600,00 | **163.600,00** |
| **ВКУПНО СИТЕ ПРОГРАМИ** | | | | | **280.083.818,00** | **286.173.494,00** | **288.486.331,00** | **291.287.203,00** | **1.146.030.846,00** |

## X. ПЛАН ЗА МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

| Наслов на Програма | Наслов на потпрограма/Проект | Опис на индикаторот на потпрограмата | Почетна вредност (2024/2025) | Индикатор за успешност 2026 | Индикатор за успешност 2027 | Индикатор за успешност 2028 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Програма за урбанизам, градење и уредување на просторот и градежното земјиште (Урбано планирање) | Потпрограма за управување со градежно земјиште на територијата на општина Новаци | Зголемување на приходи од продажба на градежно земјиште Зголемување на уредено земјиште и инфраструктура на територија на општината | Изработена програма за уредување и намена на градежно земјиште за изградба на станови, куќи и објекти од лесно загадувачка индустрија | Зголемени приходи од продажба и уредување на градежно земјиште за минимум 10% Зголемена покриеност на територијата на општината со урбанистички планови за 10% | Зголемени приходи од продажба и уредување на градежно земјиште за минимум 10% Зголемена покриеност на територијата на општината со урбанистички планови за 10% | Зголемени приходи од продажба и уредување на градежно земјиште за минимум 10% Зголемена покриеност на територијата на општината со урбанистички планови за 10% |
| | Потпрограма за изработка на урбанистички планови | | Изработени УП за селата: Новаци, Гермијан, Живојно, Рибарци, Градешница, Будимирци; Изработени урбанистички планови вон населени места, како и за уредување на градежно земјиште во индустриска зона | Зголемен број на населени места со ДУП за минимум 10% во зони за градба на индустриски објекти | Изработена урбанистичко-техничка документација за објекти од лесна преработувачка индустрија за минимум 3 објекти Зголемен број на населени места со ДУП за минимум 10% | 100% покриеност на територијата на општина Новаци со изработени урбанистички планови |
| Програма за комунални дејности | Потпрограма за изградба и реконструкција на системи за водоснабдување | Изградба на канализациони мрежи и минимум 2 пречистителни станици | Започнати изградби на канализациони мрежи со пречистителни станици во селата Гермијан и Добромири Изградба на атмосферска канализација во с. Новаци, Добромири и др.села во општината Набавена опрема за селекција на отпад | Реализација на изградбата на канализациони мрежи, пречистителни станици и атмосферска канализација за 30% За 10% годишно да се зголемува покриеноста со јавна водоснабдителна услуга | Реализација на изградбата на канализациони мрежи, пречистителни станици и атмосферска канализација за 80% Вклучување на минимум 50% од населението во системот за селекција на отпад Започната изградба на тротоари на мапираните локации на територија на | Целосно изградени и пуштени во употреба ан минимум 2 пречистителни станици, изградена канализациона мрежа во 70% од територијата на општината Поплочени тротоари на мапираните локации |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Изградени тротоари до манастир Рождество на Пресвета Богородица<br><br>Број на нови домаќинства годишно приклучени на водоводната мрежа | 5 нови домаќинства годишно приклучени на водоводната мрежа | општината за изградба на тротоари<br><br>5 нови домаќинства годишно приклучени на водоводната мрежа | |
| | Потпрограма за одржување на јавна чистота | Одржување на јавната чистота на територијата на општина Новаци | Број на населени места со редовно собирање на отпад<br><br>Бројот на нови контејнери поставени по населено место<br><br>Редовно собирање на отпад неделно | За 5 % ќе се зголеми бројот на населени места со редовно собирање на отпад<br><br>За 5 % ќе се зголеми бројот на нови контејнери поставени по населено место<br><br>За 5 % ќе се зголеми честота на собирање на отпад неделно | За 5 % ќе се зголеми бројот на населени места со редовно собирање на отпад<br><br>За 5 % ќе се зголеми бројот на нови контејнери поставени по населено место<br><br>За 5 % ќе се зголеми честота на собирање на отпад неделно | Зголемување на ефикасноста на собирање и управување со комунален отпад преку опфат на најмалку 90% од територијата на Општина Новаци |
| Програма за образование | Потпрограма за обезбедување на инклузивно, квалитетно и модерно образование | Обезбедување на ефикасно и непречено одвивање на образовниот процес во општина Новаци со вклучување и интергација на сите деца на територијата на општината | 30% поголема вклученост на децата со попреченост во наставниот процес<br><br>Воведена 1 нова програма за дигитална и стручна обука на ученици и наставници<br><br>Зголемен број на првачиња за 3% | 20% поголема вклученост на децата со попреченост во наставниот процес<br><br>Воведена 1 нова програма за дигитална и стручна обука на ученици и наставници<br><br>Зголемен број на првачиња за 3% | 30% поголема вклученост на децата со попреченост во наставниот процес<br><br>Воведена 1 нова програма за дигитална и стручна обука на ученици и наставници<br><br>Зголемен број на првачиња за 3% | 100% вклученост на децата со попреченост во наставниот процес<br>Воведени минимум 3 нови програми за дигитална и стручна обука на ученици и наставници<br>Зголемен број на првачиња за минимум 10%<br>Зголемен број на првачиња за минимум 15% |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Зголемен број на деца за 5% кои ќе учествуваат во воннаставни активности | Зголемен број на деца за 5% кои ќе учествуваат во воннаставни активности | Зголемен број на деца за 5% кои ќе учествуваат во воннаставни активности | |
| Програма за социјална заштита | Потпрограма за социјална заштита и заштита на деца | Зголемен опфат на деца во предучилишно образование<br>Воведување на нови локални социјални услуги за нега на стари лица<br>Редовно споделување на информации и едукација на стручни кадри | Зголемен опфат на деца во предучилишно образование за минимум 10%<br><br>Мапирање на потребите кај старите лица за воведување на нова локална социјална услуга<br><br>Изготвување на техничка документација за реновирање на СИЗ во центарот на општина Новаци<br><br>Спроведување на најмалку 5 информативно-едукативни кампањи за инклузија, родителство, насилство и детски права со учество на локални институции и организации | Зголемен опфат на деца во предучилишно образование за минимум 10%<br><br>Утврдување на потребни ресурси за воведување на нова локална социјална услуга<br><br>Отпочнување со реновирање на СИЗ како дом за стари лица во општина Новаци<br><br>Спроведување на најмалку 5 информативно-едукативни кампањи за инклузија, родителство, насилство и детски права со учество на локални институции и организации | Зголемен опфат на деца во предучилишно образование за минимум 5%<br><br>Отпочнување со користење на новата локална социјална услуга<br><br>Реновирањето на СИЗ е во напредна фаза<br><br>Спроведување на најмалку 5 информативно-едукативни кампањи за инклузија, родителство, насилство и детски права со учество на локални институции и организации | Зголемен опфат на деца во предучилишно образование за минимум 25%<br><br>Минимум 50 корисници на новата социјална услуга за поддршка на старите лица во општина Новаци<br>Успешно реализирана реконструкција на СИЗ во општина Новаци<br><br>Обучени најмалку 10 стручни кадри од општината, образовни и социјални установи во областа на заштита на децата и поддршка на ранливи групи |
| Програма за локален економски развој | Потпрограма за ЛЕР | Развој на индустриска зона во општина Новаци<br>Економско зајакнување на локално население<br>Зголемување на број на сопствени бизнис и вработувања на | Завршена техничка и урбанистичко планска документација за индустриска зона | Промоција на индустриската зона<br><br>Отворање на минимум 1 фабрика во индустриска зона | Отворање на минимум 1 нова фабрика во индустриска зона | Оформена и започната со работа Индустриска зона во општина Новаци |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | територија на општината<br>Зголемен обем на капитални инвестиции | | Зголемен број на вработувања за минимум 5%<br><br>Зголемен број на регистрирани компании и старт-апи за минимум 5% | Зголемен број на вработувања за минимум 5%<br><br>Зголемен број на регистрирани компании и старт-апи за минимум 5% | Отворени 3 нови фабрики од лесна и незагадувачка индустрија<br><br>10 нови компании регистрирани во Индустриската зона<br><br>Зголемен број н Стартапи за минимум 12% |
| Програма за култура | Потпрограма за култура | Збогатување на културниот живот во општина Новаци и афирмација на културното и историско наследство на територијата на општина Новаци | Редовни 3 културни манифестации и изведби на фолкорни друштва<br><br>Мапирани неколку локалитети како културно и историско наследство на општината | 10 организирани културни настани годишно<br><br>За 10% зголемен број на учесници/посетители на културните настани<br><br>Минимум 3 локални културни манифестации/настани поддржани од страна на општината | 10 организирани културни настани годишно<br><br>За 10% зголемен број на учесници/посетители на културните настани<br><br>Минимум 3 локални културни манифестации/настани поддржани од страна на општината | Минимум 10 организирани културни настани на годишно ниво<br><br>За минимум 10% зголемен број на учесници/посетители во однос на претходната година<br><br>Минимум 4 локални културни манифестации/настани поддржани од страна на општината |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Програма за спорт и рекреација | Потпрограма за спорт и рекреација | Организирање на меморијален турнир “Пеце Матичевски 2025“<br>Поддршка на спортски клуб ФК Новаци<br>Трансфер на останати спортски клубови<br>Поттикнување на спортски активности на децата и младинците<br>Поттикнување и помагање на организирањето на спортски приредби и манифестации | Изработка на урбанистичко-планска и техничка документација за реконструкција и изградба на нови спортски објекти<br><br>За 5% ќе се зголеми бројот на спортски клубови или спортисти кои ги користат спортските терени и објекти<br><br>10 организирани спортски натпревари или турнири годишно<br><br>За 10 % зголемен бројот на ученици вклучени во училишни спортски клубови<br><br>За 10 % зголемен бројот на ученици во активните спортски секции. | За 2% ќе се зголеми бројот на новоизградени или реновирани спортски објекти<br><br>За 5% ќе се зголеми бројот на спортски клубови или спортисти кои ги користат спортските терени и објекти<br><br>10 организирани спортски натпревари или турнири годишно<br><br>За 10 % зголемен бројот на ученици вклучени во училишни спортски клубови<br><br>За 10 % зголемен бројот на ученици во активните спортски секции | За 3% ќе се зголеми бројот на новоизградени или реновирани спортски објекти<br><br>За 5% ќе се зголеми бројот на спортски клубови или спортисти кои ги користат спортските терени и објекти<br><br>10 организирани спортски натпревари или турнири годишно<br><br>За 10 % зголемен бројот на ученици вклучени во училишни спортски клубови<br><br>За 10 % зголемен бројот на ученици во активните спортски секции | За минимум 2% ќе се зголеми бројот на новоизградени и/или реновирани спортски објекти<br><br>За минимум 5% ќе се зголеми бројот на спортски клубови и/или спортисти кои ги користат спортските терени и објекти<br><br>10 организирани спортски натпревари или турнири годишно<br><br>За 10 % зголемен бројот на ученици вклучени во училишни спортски клубови<br><br>За 10 % зголемен бројот на ученици во активните спортски секции |
| Програма за животна средина | Потпрограма за животна средина | Подобрување на менаџментот и управувањето со отпад<br>Одржливо управување со водни ресурси<br>Зголемување на енергетска ефикасност на јавни објекти | Стапката на селективно собирање на отпад изнесува 5%<br><br>Предвидена санација на минимум 3 загадувачи<br><br>Намалување на потрошувачката на | Зголемена стапка на селективно собирање на отпад за 5%<br>За 2,5% зголемена површина опфатена со мерки за управување со водни ресурси<br>Минимум 1 јавен објект со поставени фотоволтаици | Зголемена стапка на селективно собирање на отпад за 5%<br>За 2,5% зголемена површина опфатена со мерки за управување со водни ресурси<br>Минимум 1 јавен објект со поставени фотоволтаици | Зголемена стапка на селективно собирање на отпад за 5%<br>За 5% зголемена површина опфатена со мерки за управување со водни ресурси<br>Минимум 1 јавен објект со поставени фотоволтаици |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | електрична енергија на јавни објекти | | | |
| Програма за родова еднаквост | Потпрограма за еднакви можности | Економско зајакнување на жените во општината и нивна превентивна здравствена заштита како и заштита од родово-базирано и семејно насилство | Мал процент на вработени жени или жени-сопственички на бизнис<br><br>Обезбедување на пристап до социјални услуги и услуги за здравствена и превентивна заштита | 2,5% зголемен бројот на вработени жени и/или жени сопственички на бизнис<br>Воведување на минимум 1 програма за едукација и развој на жените во општината<br>Подготовка на терен и документтација за отворање на служба/советувалиште за жени жртви на насилство | 2,5% зголемен бројот на вработени жени и/или жени сопственички на бизнис<br>Воведување на минимум 1 програма за едукација и развој на жените во општината<br>Подготовка на терен и документтација за отворање на служба/советувалиште за жени жртви на насилство | 5% зголемен бројот на вработени жени и/или жени сопственички на бизнис<br>Воведување на минимум 1 програма за едукација и развој на жените во општината<br>Отворање на служба/советувалиште за жени жртви на насилство и зголемен број на корисници |
Детектирани силни страни се големиот број на природно и културно – историски богатства со кои располага општината а кои може да се искористат за развој на рурален, меморијален и еко-туризам. Овие потенцијали, во изминатите години делумно започнаа да се користат, најмногу преку имплементирање на проекти од ИПА програмата во насока на развој на туризмот, но целта во иднина е да се надогради оваа приказна, да се спојат сите овие потенцијали во една солидна туристичка понуда и со тоа да се заинтересираат туристи од државата, но и од странство за почесто и во поголем број да ја посетуваат општината, а населението да започне да гради една успешна бизнис приказна потпирајќи се на развојот на туризмот. Во оваа насока, промовирањето на општината е еден од приоритетите во иднина.

Поттикнувањето на мали семејни бизниси во туризмот, изградба на рурални куќи за сместување и организирање тематски патувања би придонело за диверзификација на локалната економија.

Целта на општинската политика е да се создаде **поволна економска клима** за отворање на нови работни места, поддршка на млади претприемачи, зголемување на инвестициите и промоција на јавни и приватни партнерства.

## УРБАНИЗАМ

На територија на Општина Новаци регистрирани се 41 населено место од кои голем дел (50-60%) се сместени во Мариово, каде е силно изразен демографскиот проблем односно истите се ненаселени. За поголемите во кои сеуште има жители, како Старавина, Градешница, Рапеш, Маково, Зовиќ), Општината има изработено општи акти, според кои издава одобренија за градба за потребите на жителите, но и за проектите кои ги реализира Општината. За рамничарските села кои се поактивни изработени се исто така општи акти, а во постапка е изработка на 10 урбанистички планови за села, од кои 6 се во завршна фаза.

***ОПШТИ АКТИ ВО СИЛА*:**

| | |
|---|---|
| 1. Општ акт за село Брод | 25,7ха |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | Општ акт за село Зовиќ | 16,17ха |
| 3. | Општ акт за село Градешница | 17,4ха |
| 4. | Општ акт за село Новаци | 139,17ха |
| 5. | Општ акт за село Рибарци | 30,5ха |
| 6. | Општ акт за село Старавина | 19,3ха |
| 7. | Општ акт за село Живојно | 35,35ха |
| 8. | Општ акт за село Арматуш | 4,38ха |
| 9. | Општ акт за село Скочивир | 15,07ха |
| 10. | Општ акт за село Рапеш | 18,5 |
| 11. | Општ акт за село Маково | 33,28ха |
| 12. | Општ акт за село Долно Агларци | 18,6ха |
| 13. | Општ акт за село Гермијан | |

***ДРУГИ ПОЗНАЧАЈНИ ПЛАНОВИ:***

1. УПВНМ за изградба на фабрика за екстракти од билки КО Новаци вон град
2. УПВНМ за изградба на фабрика за минерална вода и СО2, КО Рибарци
3. УПВНМ за изградба на на објекто со намена Г2 – лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија (индистриска зона Новаци), КО Новаци вон град
4. ЛУПД за намена А1 – домување во станбени куќи КО Градежница
5. ЛУПД за намена Г2, за ФОД, КО Новаци вон град и КО Добромири

Голем број на урбанистички проекти и проекти за инфраструктура со кои најчесто урбанистички се одговара на барањата на жителите и општината

**Урбанистички планови за села во завршна фаза**:

1. УПС за Новаци
2. УПС за Рибарци
3. УПС за Живојно
4. УПС за Будимирци
5. УПС за Градешница
6. УПС за Гермијан

**Планови во постапка:**

7. УПС за Горно Агларци
8. УПС за Добромири
9. УПС за Бач
10. УПС за Далбеговци

За мариовските села и воопшто целиот тој ненаселен дел пред урбанистичкото планирање потребно е да се изработат студии за развој со кои ќе се определат и видот на потребните плански документации.

## КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА И УСЛУГИ

Комуналната инфраструктура е во тесна врска со заштитата на животната средина, и таа претставува еден од најзначајните фактори од егзистенцијална природа. Во овој поглед водоснабдувањето овозможува подигнување на квалитетот на живот на населението. Навременото одлагање на сметот, определувањето на локации и уредувањето на депониите претставува услов за негово безбедно санирање.

Како главен и одговорен фактор за комуналната инфраструктура е Јавното претпријатие за комунални дејности **„Комунална хигиена“ – Новаци.**

Бројот на месечно обработени сметки, заклучно со 31.12.2024 година изнесува 7530 сметки.

ЈПКД „Комунална хигиена“ во текот на 2024 година ја извршуваше работата со вкупен број од 16 вработени лица и ги обавува следните главни дејности:

- Управување со отпад;
- Одржување на јавната чистота и јавно зеленило;
- Одржување на локалните водоводи;
- Одржвање на канализациона мрежа;
- Зимско одржување на локалните патишта;
- Услуги од обласа на нискоградба и градежништво.

- **УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД**

ЈПКД „Комунална хигиена“ - Новаци редовно собира, транспортира и депонира неопасен комунален отпад во повеќе населени места на територијата на Општина Новаци.

Претпријатието располага со две специјализирани возила за собирање на отпад, и тоа МЕРЦЕДЕС АТЕГО 815 со надградба ЕФЕ 222 и МИЦУБИШИ ФУСО.

Во изминатата година, во Општина Новаци депонирани се 364 тури од по 8 $m^3$, што вкупно изнесува околу 2.496 $m^3$ отпад, односно 750 тони, според специфичната тежина на отпадот.

На територијата на Општина Новаци постојат диви депонии кои ја загадуваат животната средина, што придонесува за непријатен изглед на околината. За да се справиме со ова, покрај редовното собирање на отпадот од страна на ЈПКД „Комунална хигиена“ – Новаци, организираме акции за чистење со ангажирање на дополнителни работници по потреба.

Бројот на корисници на комуналните услуги во Општина Новаци се состои од 554 физички лица, 25 правни субјекти и 1 училиште.

- **ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА ЧИСТОТА И ЈАВНО ЗЕЛЕНИЛО**

Овие активности, тие се спроведуваат согласно Програма за одржување на јавната чистота и јавното зеленило, која ја донесува Советот на Општина Новаци во која се вклучени сите потребни активности за редовно и навремено одржување на јавната чистота и јавното зеленило.

- **ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ВОДОВОДИ**

*Инфраструктурни објекти за водоснабдување:*

- С. Новаци, Добромири и Рибарци се поврзани на водоводната мрежа од водоводот на град Битола.
- Во селата Горно Агларци, Долно Агларци, Далбеговци, Гермијан, Бач, Живојно, Брод и Скочивир изградена е локална водовона мрежа со резервоари со пумпи.
- Селата Старавина, Градежница, Будимерци и Зовиќ приклучени се на регионалниот водовод „Мариово“.

Локалните водоводи во населените места Бач, Брод и Живојно се одржуваат редовно, согласно Програма за одржување на локални водоводи, донесена од Советот на Општина Новаци.

Во другите населени места на Општина Новаци, каде водоводните мрежи се под управување на месните заедници, ЈПКД „Комунална хигиена“ – Новаци извршува работи по барање на Општината.

Овие активности опфаќаат:

- Реконструкции на водоводните линии: Замена на делови од мрежата, како цевки, вентили и други потребни елементи;
- Одржување на инфраструктурата: Поправки и санација на дефекти или оштетувања;

Во населените места Бач, Брод и Живојно, во текот на 2024 година беа фактурирани 10.085 м³ вода.

- **ОДРЖУВАЊЕ НА КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА**

Јавното претпријатие за комунални дејности „Комунална хигиена“ - Новаци е задолжено за редовно одржување на комуналната инфраструктура, која вклучува како атмосферска така и фекална канализација на територијата на Општина Новаци.

*Атмосферска канализација:*

Атмосферската канализација на територијата на Општина Новаци е поврзана со повеќе населени места, вклучувајќи ги: с. Новаци, с. Добромири, с. Горно Агларци, с. Долно Агларци и с. Гермијан.

*Фекална канализација:*

Фекалната канализација во с. Новаци, иако не е целосно предадена под управување на ЈПКД „Комунална хигиена“ - Новаци, редовно е сервисирана и одржувана. Иако се соочуваме со технички ограничувања во целосното управување со овој систем, нашето претпријатие продолжува да обезбедува квалитетна услуга во одржувањето на фекалната канализација.

- **ЗИМСКО ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА**

ЈПКД „Комунална хигиена“ - Новаци, во соработка со Општина Новаци, е задолжено за организирање и извршување на сите активности поврзани со зимското одржување на локалните патишта, со цел да се обезбеди проодност и сигурност на патиштата, дури и во најтешките временски услови.

- **ТРАНСПОРТНА ИНФРАСТРУКТУРА ВО ОПШТИНА НОВАЦИ**

*Патен сообраќај:*

Патниот сообраќај ја опфаќа мрежата на патишта, обемот и структурата на регистрираните возила и функционалниот дел кој се однесува на превезени патници по видови превоз.

Постојаната патна инфраструктура во општина Новаци е 175 km локални патишта, 56 km асфалт, 8 km тампон и 111 km земјени патишта.

| Новаци | Вкупно | Асфалт | Тампон | Земја |
|---|---|---|---|---|
| 2022 | 175 | 56 | 8 | 111 |
| 2023 | 175 | 56 | 8 | 111 |
| 2024 | 175 | 56 | 8 | 111 |

Големото учество на земјени патишта во патната мрежа од Новаци. Од вкупно 175 km патишта во рамки на општината, само 56 km се со асфалт. Дури 111 km се земјени патишта.

*Регионални патни правци се:*

- Р-509 – Битола-Новаци-Маково-Старавина во вкупна должина од 53 км (40 се асфалтирани, од Рапеш до Старавина во должина од 13 км се само тампонирани).
- Р-510 – врска М-5-Кременица-Бач-Скочивир-Старавина во вкупна должина од 55 км (30 км е асфалтиран, 25 км е макадам).
- Р-120 -Тополчани-Добрушево-Новаци-Брод во вкупна должина од 40 км (22 се асфалтирани, 18 км на потегот до Новаци е макадам).
- Р-531 – Брод-Гнеотино во должина од 11 км е земјен пат.

## АНАЛИЗАТА НА БЕЗБЕДНОСНИТЕ ЗАКАНИ И РИЗИЦИ

- **Кусо резиме со проценка на потенцијалните ризици од поплави, суши, пожари, свлечишта, бури и земјотреси**

Цел на процената за загрозеност на Општина Новаци е квалитативна и квантитативна анализа на податоците за можните опасности за настанување на природни непогоди и други несреќи, предвидување на можниот натамошен тек и последиците кои можат да бидат предизвикани од истите, со предлог превентивни и други мерки за справување со кризи.

Следејќи ги природните непогоди и други несреќи од поголем обем што го зафатиле подрачјето на Општина Новаци во изминатиот период констатираме дека истите воглавно се последица на дејствување на природни сили.

Катастрофалните последици од досегашните природни непогоди во нашата општина, како што е големото невреме во 1982 година, големите снежни врнежи во 1983 година, земјотресот во 1994 година, излевањето на река Црна во 1999, 2009, 2010 и 2013 година и поплавувањето на големи површини од Пелагониската котлина, големите суши во последните години, пожарите од 2007 година и други непогоди, покрај директните последици имаа негативен одраз и врз стабилноста на економските текови, како и врз севкупната економска состојба на општината.

Процената на загрозеноста од сите ризици и опасности се однесува на подрачјето на Општина Новаци која согласно територијалната поделба од 2004 година опфаќа 41 населено место.

Интеракцијата со субјектите од системот за управување со кризи се одвива согласно член 37 од Законот за управување со кризи и редовно преку одржување на состаноци и меѓусебно запознавање со моменталната состојба на теренот при што се зголемува степенот на координација меѓу субјектите, иста така комуникацијата со субјектите се одржува и преку единствениот повикувачки број на Центарот за управување со кризи 195, како и преку електронски пат, телефонија и републичката и општинската УКБ мрежа.

*Извор: Процена на загрозеност на подрачјето на општина Новаци од сите ризици и опасности.*

## АНАЛИЗАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ И ОИЕ

Општината Новаци зафаќа површина од 773 км2 во јужниот дел на Република Македонија и се наоѓа на надморска височина од 580 метри, на географска ширина од 41° 2′ 40″ и географска должина 21° 27′ 40″. Климата на подрачјето на општината е умерено-континентална, со одредени специфичности – според температурните вредности е континентална, а според врнежите е до извесен степен медитеранска. Во мариовскиот регион е планиска, додека по течението на Црна Река се чувствува влијанието на медитеранската клима. Просечната годишна температура е 10,7°C, највисоката е 41,2°C, а најниската -30°C. Вкупната температурна промена на релација

поле планина е од 20 – 30°. Најстуден месец е јануари. Вкупно сончеви часови годишно – 2 325 часа. Просечно годишни врнежи се 600 мм на 1 м2. Во годината има просечно 25 магливи денови.

Како куриозитет е податокот дека изохазмата 0,1 минува на секои 10 години, што значи дека на секои 10 години на небото може да се забележи поларна светлина. Општината брои 41 село, од кои 34 рамничарски и 7 ридско-планински. Општинскиот центар од најблискиот град Битола е оддалечен 11 км. Општината е петта општина во Република Македонија според големина на обработливо земјиште – располага со 22.905 хектари обработливо земјиште. Исто така, општината има 28.952 хектари пасишта и 17.000 хектари шуми. Подрачјето на општината опфаќа делови од планините Ниџе (со врвовите Кајмакчалан на висина од 2520м, Ниџе на висина од 2361м и Добро Поле на висина од 1815м), Селечка планина и Дрен.

Реки кои проаѓаат низ општината се: Црна Река, Градешка Река, Бела Река, Елешка Река, Коњарка, Сатока и други. Постои и едно вештачко езеро на РЕК Битола, како и минерални извори во Гермијан и Меџитлија.

- **Управување со отпад**

| ОПШТИНА НОВАЦИ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ВКУПНА КОЛИЧИНА НА СОЗДАДЕН И СОБРАН ОТПАД ПО ВИД И ГОДИНА (ВО ТОНИ) | | | | | | |
| | 2020 | | 2021 | | 2022 | |
| | Создаден | Собран | Создаден | Собран | Создаден | Собран |
| Хартија | | | | | | |
| Стакло | | | | | | |
| Пластика | | | | | | |
| Органски отпад | | | | | | |
| Останат комунален отпад | | 625 | | 1009 | | 750 |
| ВКУПНО | 2,976.0 | 625,0 | 3,081.0 | 1,009.0 | 0.0 | 750.0 |
| % на сортиран отпад | 0.00 | | 0.00 | | | |
| % на собран отпад | 21.00 | | 32.75 | | | |
| % на домаќинства покриени со услуга | | | | | | |
| % на наплатен надомест | | | | | | |
| ВКУПНА КОЛИЧИНА НА СОЗДАДЕН И СОБРАН ОТПАД ПО ВИД И ГОДИНИ (во тони) | | | | | | |
| Градежен отпад | | | | | | |
| Кабаст отпад | | | | | | |
| ВКУПНО | | 0 | | 0 | | 0 |

- **Воздух (квалитет, мониторинг и управување)**

Загадувањето на амбиентниот воздух потекнува од емисијата на загадувачки супстанции при индустриското производство, од согорувањето на горивата, затоплувањето на индивидуални домови и административни објекти и од сообракајот. Во рамките на националната мрежа, квалитетот на амбиентниот воздух во општина

Новаци се следи преку мониторинг станиците поставени во Битола (две мониторинг станици), и мониторинг станица во с. Гнеотино. Според досегашните сознанија РЕК Битола е најголемиот извор на полутанти во воздухот во регионот. Оваа инсталација спаѓа под Уредбата за IPPC и се очекува дека операторот во нивната апликација до МЖСПП ќе ги елаборира ефектите врз животната средина од работата на термоелектраната и во оперативниот план ќе предложи мерки за намалување на емисиите на полутанти во воздухот.
Врз основа на извршените анализи констатирано е дека, воздухот во општина Новаци, најмногу се загадува со емисија на чад и SO2 од РЕК Битола. Индивидуалното загревање на домовите и установите, (стационарни извори на загадување) кои како гориво најчесто употребуваат дрва и јаглен, како и сообраќајот (мобилни извори), во помала мерка придонесуваат за загадување на воздухот.
Како еден од најголемите загадувачи на амбиентниот воздух, РЕК Битола е ставен во програмата за мониторинг на УХМР. За следење на параметрите на полутанти во воздухот, поставена е стационарна мониторинг станица во селото Гнеотино во која се следат концентрациите на чад и SO2.

**Фугитивните емисии** се дефинирани како емисии кои се испуштаат во атмосферата, од извори во кои не спаѓаат димните оџаци, процесните отвори или вентилациони излези и други отвори од кои има т.н. насочена или контролирана емисија на загадувачки супстанции во воздухот. Извори на фугитивни емисии можат да бидат надворешни или внатрешни погонски активности (при транспорт, манипулација, утовар, истовар и сл., отворени складишни простори, бензински станици и сл). Најзначаен извор на фугитивна емисија на територијата на општина Новаци претставуваат површинскиот коп на јаглен „Суводол“ и депонијата за пепел на РЕК „Битола“. Проценета фугитивна емисија од рударските операции во рудник „Суводол“ се : емисија на CO од 1098 t/год. и емисија на цврсти честички TSP од 250,3 t/год. Значајна емисија на загадувачки материи како CO2 и SO2 има при пожари на отворен простор. Во општина Новаци, со оглед на големата територија под шуми, има чести пожари од големи размери.

- **Водни ресурси (користење, заштита и управување)**

Општина Новаци лежи во сливното подрачје на река Црна. Низ Пелагониската котлина течението на Црна река е во должина од 57 km, а остатокот од 25 km минува низ Скочивирската клисура. Притоките на реката, со мали исклучоци се влеваат од нејзината десна страна. Тие се релативно кратки, но заради големите висински разлики, нивните води се прилично брзи, така што при обилни дождови и при топење на поголеми снежни маси и наноси доаѓа до нивно често изливање посебно во рамничарскиот реон. Главни водни текови во општината се Црна Река (која е регулирана во должина од 57 km) и нејзината десна притока, река Шемница (која е регулирана во должина од 12 km), како и Подмолска и Лопатичка река. Покрај нив, има и повеќе помали реки и понорници, како Стара Река, Радина Река, Путурушка Река, Бања и др. Хидролошката состојба на река Црна се следи на водомерниот профил Новаци од страна на Управата за хидрометеоролошки работи на РСМ. За целосно искористување на постојниот хидролошки потенцијал на водотеците во ВП "Пелагонија" изградени се акумулациите "Стрежево" на р. Шемница и "Прилеп" на Стара Река. Основна намена на водите од овие акумулации е наводнување на обработливите површини во Пелагонија. Во планскиот

период во ВП "Пелагонија" се предвидува изградба на акумулациите "Бучин" и "Скочивир" на Црна Река. Водите од овие акумулации се предвидуваат за наводнување на обработливите површини, производство на електрична енергија, водоснабдување на населението и индустријата, заштита од поплави и задржување на наноси.

Целата површина на овој предел, во хидрогеолошка смисла може да се разгледува како повеќеслоен полузатворен издан. Од хидрогеолошки аспект, присутните подземни води во иригационото подрачје можат да се класифицираат во две групи: подземни води под слободно водно ниво на длабочина од 1,5 - 2 m и подземни води под притисок (артерски и субартерски води), кои се на длабочина под 50 m и со дебит од 0,5 l/s до 9 l/s. Дебелината на хидрогеолошкиот колектор е различна и најчесто изнесува околу 3,0 m. Правецот на движење на подземните води е соодветен со падот на теренот кон пелагонискиот басен - река Црна. Прихранувањето на изданот се врши по пат на вертикална инфилтрација од атмосферските врнежи, како и делумно од површинските води со водотеците кој го зафаќаат околниот терен.

**Подземни води.** Подземните води во Општина Новаци се истражувани како дел од пошироките истражувања во Битолско Поле. Во текот на 70-тите и 80-тите години на минатиот век биле извршени повеќе од 100 сондажни дупчења, но нивниот нерамномерен распоред не дава можност за донесување на меродавни заклучоци. Сепак, општа констатација е непостоењето на позначајни водоносни слоеви, заради што и не може да се очекуваат ни значајни водни количества. Количества вредни да се споменат се наоѓаат единствено во наносниот материјал по течението на река Шемница и Црна Река. Пронајдени се и подземни минерални води, особено во атарот на с. Меџитлија, Кременица, Рибарци и Гермијан. Водоносните хоризонти во подрачјето на општина Новаци се слабо наведнати од источните ивични делови на полето кон западниот дел на општината каде што тече реката Црна, а со самото тоа и нивото на подземниот издан е наведнат во тој правец. Висината на подземните води се движи од 4-8 m од котата на теренот. Нивото на подземна вода најповеќе се издига во пролетните месеци, условено со топењето на снеговитеи пролетните дождови. Од друга страна по летната суша, во почетокот на есента голем број на бунари значително го намалуваат своето ниво, а некои дури и го пресушуваат. Општина Новаци не располага со официјални податоци за квалитетот на подземните води. Загаденоста на подземните води не се следи организирано и континуирано, и генерално постои закана од нарушување на ефлуенти од домаќинствата, индустријата, земјоделието и дивите депонии.




- **Почва (употреба, заштита и управување);**

Од геолошки аспект Македонија е поделена на четири зони: Родопска, Пелагониска, Вардарска и Западно-македонска. Геолошката основа е изградена од алувијално-делувијални седименти и глиновитолапоровити наслаги. Тоа се слабо врзани стенски маси кои се карактеризираат со ниски инженерско-геолошки вредности. Основен тип на генетско земјиште во Пелагонија се смолниците. Смолниците се хидрогени и настанале на езерската тиња по истекувањето на некогашното Пелагониско Езеро. Количеството на хумусот се движи од 2 до 4,5%. Овие почви се искористуваат за житни, индустриски и градинарски култури.

**Алувиум (al)**

Алувиалните наслаги се забележани во сите долини на поголемите реки но максимум на својот развој имаат во широката Пелагониска котлина, каде речиси сите реки го оставаат транспортираниот материјал. Со тоа, тука се формирани мошне дебели алувијални наслаги. Овие наслаги се недостапни за теренските опсервации, но нивниот состав може лесно да се утврди со анализирање на материјалот од многубројни бушотини, извршени предимно за потребите на водоснабдувањето. Материјалот од бушотините од околината на село Ношпал, покажува прилично воедначен состав на материјалот. Со седиментолошките испитувања на овој материјал, утврдено е дека е составен од наизменично сменување од глинест и песоклив материјал, кој точно е детерминиран како: песоклива и алевритска глина, а сосема ретко и грубодисперзни глини. Од песокливиот материјал издвоени се: алевритски песок, алевритско-глинест песок и алеврит. Постои многу покрупнозрнест-чакалест материјал кој се јавува во неправилни леќести тела, без точно определено ниво и претставуваат најдобри водни

колектори. Општа карактеристика на овие наслаги е дека се воглавно лошо сортирани. Содржината на CaCO3 е сосема незнатна, а глинестата компонента е од типот на хидролискун.

- **Сеизмика**

Сеизмичноста на територијата на РСМ и пограничните предели е одредена од трите главни, надолжни сеизмогени зони: Струмската, Вардарската и Дримската. Битолскиот регион каде се наоѓа и планскиот опфат на стопанскиот комплекс, припаѓа на Дримската сеизмогена зона. Ова епицентрално подрачје се одликува со интензивна сеизмичка активност. Интензитетот на идни можни земјотреси е од 7 до 8 степени и се претпоставува дека реонот северно од реката Шемница по геолошкиот состав би претрпел земјотрес до 7 степени, додека јужно од река Шемница се можни земјотреси и од 8 степени по MKS скалата.

Слика бр. 2 – Изложеност на природни непогоди




Намалување на сеизмичкиот ризик може да се изврши со примена на соодветни економски мерки за заштита на создадените вредности (градежна интервенција на носивата конструкција на постојните објекти, заради доведување на отпорност против најсилните земјотреси), односно задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржив степен на сеизмичка заштита, кај

изградбата на новите објекти. За фундирање на градбите, вообичаено обврзни се посебни геомеханички испитувања на почвата.

- **Шумските екосистеми и пасишта (користење, заштита и управување);**

Општина Новаци, поседува атрактивни низински и шумски предели богати со разновидна фауна и флора. Релативно големата височинска разлика меѓу Пелагониската рамнина и планинскиот дел, условува овие подрачја меѓусебно да се разликуваат по своите биографски карактеристики. Во Пелагониската рамнина преовладуваат земјоделските култури, житарици, зеленчуци и сл. Покрај коритото на Црна Река и другите водотеци се забележуваат површини под ливади обраснати со грмушки, врби и тополи. Вегетацијата на шумите и пасиштата е карактеристична за повисоките делови (врот Кајмакчалан) и се одликува со повеќе растителни асоцијации. Вкупната површина под шуми на територија на општина Новаци изнесува 18.090,78 ха.
Во поширокиот Пелагониско-Мариовски регион регистрирани се 129 вида птици и 22 вида цицачи. Котлинскиот-Пелагониски дел во кој е сместен и дел од општина Новаци е најбогат по бројот на регистрирани видови птици и по густина на нивната популација. Дабовиот простор е најбогат со цицачи, а најсиромав е појасот на високопланинските пасишта. Според законот за ловство на територијата на општина Новаци односно во нејзиното опкружување под определен вид на заштита е следниот дивеч: срна, зајак, верверица, видра, полска еребица, еребица камењарка, потполошка, лештарка, грлица, гулаб дупкар, гулаб гривар, див гулаб, шумска шљука, бекасин, пајки, гуски, птици грабливки (освен јастребите), буфови, додека срната и видрата заради нивната релативно ниска популација се под трајна заштита, а истото се однесува и на пернастите грабливциорлите, мршојадците, буфовите и луњите. Од аспект на рибарство од поголемо значење за овој простор се низинските реки, Шемница и Црна Река во кои се застапени следните видови риба: крап, црвеноперка, клен, скобуст, сом, костреж и др. Овие реки во суштина претставуваат спортско риболовни подрачја.
Сепак може да се оцени дека фауната и ловното стопанство во овие предели се во лоша состојба иако на територијата од Пелагониско – Мариовскиот регион има големи ловно-спортски површини.

- **Заштита на природното, културното и историското наследство – заштитени подрачја и објекти или целини на територијата на општината**

Заштитени природни зони или територии нема во општина Новаци. Што се однесува пак до културното и историско наследство се издвојуваат следните објекти:

**Црква Св. Димитриј – Градешница**

**Свети Димитриј** – гробјанска црква во мариовското село Градешница. Се смета дека потекнува од XIV век, со што е најстара црква во Општина Новаци и една од најстарите во битолскиот регион. Во 1992 година, црквата била прогласена за споменик на културата на Македонија.

Црквата била изградена во XIV или XV век, фрескописот веројатно е од крајот на XIV и почетокот на XV век или од почетокот на XVI век, а ѕиданиот иконостас е од почетокот на XVI век. Фрескоживописот во црквата денес не е целосно зачуван поради оштетувањата низ годините. Со своите особености, тој е карактеризиран како доцнокомненски од периодот кога со Византија владееле Палеолозите. На него се сочувани како словенски натписи коишто преовладуваат во олтарниот простор, така и грчки коишто преовладуваат во наосот. Притоа, живописот во наосот и иконостасот очевидно се разликува од оној во олтарот, што укажува на тоа дека црквата можеби била зографисана во два различни временски периоди. Црквата се наоѓа на влезот од селото, покрај патот кој води до него.

**Тумба Чебрен**

**Тумба Чебрен** — археолошки наоѓалиште во историското битолско село Чебрен кое денес потпаѓа во атарот на селото Зовиќ. Претставува населба од римско и доцноантичко време и средниот век. Се наоѓа на околу 3 км западно од селото Зовиќ , на падините на ритчето **Марта**, на височинка со надморска височина од околу 550 м. Највисокиот дел од височинката е заграден со одбранбени ѕидови, со простор од 700 $м^2$ кој ја означува населбата од римскиот период. Населбата од доцноантичкото време зафаќа простор од 2,4 хектари и е оградена со импозантни одбранбени ѕидови од јужната страна. Егзистирала сè до паѓањето под турска власт, по што е сведена на манастирски комплекс, ограден од трет ѕид кој само се насетува на теренот. Во неговите рамки се населбата, Чебренскиот манастир со црквите Св. Димитриј и Св. Спас. Целиот комплекс зафаќа површина од 27 хектари, која од три страни (јужната, западната и северната) е заокружена со Црна Река.

**Црква „Св. Петар“ - Кајмакчалан**

**Свети Петар** — црква и спомен-капела подигната на врвот Кајмакчалан на планината Ниџе, на самата македонско – грчка граница.
Овој комплекс претставува културно наследство на Македонија, прогласен со одлука од 5 јануари 1953 година.

Црквата е особено посетувана од скијачи поради близината на скијачкиот центар „Кајмакчалан“ на грчката страна, како и од страна на планинари и велосипедисти.
Оваа црква понекогаш во грчката јавност е именувана како „Св. Илија“.

Спомен-капелата започнала да се гради во 1928 година на највисоката точка на планината Ниџе, врвот Кајмакчалан. На тоа место се одвивала една од најжестоките битки за време на Првата светска војна.
Комплексот е подигнат по наредба и аманет на српскиот крал Александар I Караѓорѓевиќ, во чест на српската војска за сојузничкиот триумф над централните сили.

**Археолошко наоѓалиште – Мегленски Крст** во селото Мегленци.

## АНЕКС 2: Тематски SWOT анализи

### Тематската SWOT анализа за Локален економски развој на Општина Новаци

Локалниот економски развој е еден од клучните приоритети за Општина Новаци, со цел да се создадат услови за одржлив раст, зголемување на вработеноста и подобрување на квалитетот на живот на граѓаните. Во услови на динамични економски промени и зголемени барања од страна на локалната заедница, неопходно е да се направи систематска анализа на внатрешните и надворешните фактори кои влијаат врз економскиот развој на општината.

✅ СИЛНИ СТРАНИ

- **Стратешка локација**: Општина Новаци се наоѓа во близина на Битола и РЕК Битола, што ги создава условите за развој на логистички и индустриски капацитети. Близината до големи патни правци и железнички линии го олеснува транспортот и трговијата.
- **Рурални ресурси за земјоделство**: Општина Новаци има големи земјоделски површини кои можат да бидат искористени за производство на земјоделски и органски производи. Постојат услови за развој на агро-индустрии и локални производни капацитети.
- **Поддршка од локални и државни програми**: Во последните години, постојат државни и меѓународни фондови кои ги поддржуваат проектите за економска регенерација на рурални подрачја, кои може да ги искористи општина Новаци.
- **Мали и средни бизниси (МСП)**: Постои развој на мали и средни претпријатија кои можат да ги поддржат локалните економски активности, особено во секторите како што се земјоделство, градежништво и услужни дејности.

---

⚠️ СЛАБИ СТРАНИ

- **Недостаток на инфраструктурна поврзаност**: Општина Новаци се соочува со недостаток на развиена патна и комунална инфраструктура, што може да го отежни привлекувањето на инвестиции и развојот на нови бизниси. Иако локацијата е стратегија, недостигот на квалитетна инфраструктура го забавува економскиот развој.
- **Мала локална работна сила и миграција на млади**: Недостатокот на квалификувана работна сила и миграцијата на млади лица во поголеми градови ја намалува локалната економска активност. Ова се одразува на продуктивноста и креативноста на локалниот пазар.

- **Зависност од традиционалните индустрии**: Општина Новаци е во голема мера зависна од земјоделството и традиционалните индустрии, како што е рударството (поради близината на РЕК Битола), што може да создаде ограничувања за економската разноликост.

---

МОЖНОСТИ

- **Развој на туризам**: Новаци има значителен потенцијал за развој на еко-туризам, што може да придонесе за економски раст. Со искористување на природните убавини и културното наследство, може да се привлечат туристи од домашниот и странскиот пазар.
- **Поддршка за иновации и дигитализација**: Во рамки на државните програми, постојат можности за поддршка на иновации и дигитализација на малите и средни претпријатија, што може да го унапреди нивниот капацитет и конкурентност.
- **Развој на обновливи извори на енергија**: Со зголеменото внимание на обновливи извори на енергија, како што се соларни панели и ветерни турбини, Новаци може да привлече инвестиции во зелени технологии и да создаде нови работни места во овој сектор.
- **Партнерства со соседни општини и региони**: Потенцијал за меѓуопштинска соработка и регионален развој, особено со соседната општина Битола, која е економски и транспортно поврзана со Новаци. Ова може да донесе споделување на ресурси и проширени инвестиции.

---

ЗАКАНИ

- **Ниски инвестиции во рурални региони**: Општини како Новаци кои се рурални имаат проблеми со привлекувањето на големи странски инвестиции, особено во високо технологиски индустрии. Ако не се создадат адекватни услови за привлекување на инвеститори, економскиот развој ќе остане ограничен.
- **Глобални економски кризи**: Светските економски кризи или промени во цените на земјоделските производи или енергијата може да го загрозат локалниот економски развој и да доведат до пониски приходи и зголемени трошоци.
- **Загадување на животната средина**: Поради близината на индустриите, како што е РЕК Битола, постои опасност од продолжување на загадувањето

на воздухот и водите, што може да влијае на квалитетот на животот и здравјето на локалното население, а со тоа и на економската стабилност.

- **Нееднаква распределба на ресурси**: Нееднаквата распределба на економските ресурси помеѓу градовите и руралните области може да доведе до застој во развојот на општините како Новаци, кои имаат помал буџет и помал пристап до финансиски ресурси.

---

Препораки:

1. **Развивање на инфраструктурата**: Поддршка за изградба на инфраструктура за транспорт, вода и електрична енергија, што ќе го стимулира економскиот развој.
2. **Создавање на поволни услови за МСП**: Создавање на поволни услови за развој на мали и средни бизниси преку субвенции, обуки и пристап до кредити.
3. **Поддршка на туризмот**: Развивање на еко-туризмот како стратегија за дополнителен економски раст и привлекување на нови инвестиции.
4. **Промоција на иновации и зелени технологии**: Поттикнување на иновации и инвестиции во зелени технологии и обновливи извори на енергија како начин за диверзификација на локалната економија.
5. **Интегрирана соработка со соседните општини**: Развивање на стратегија за соработка со соседни општини и регионални органи, за споделување на ресурси и привлекување инвестиции.

Со овие препораки, Новаци може да го поттикне локалниот економски развој, зголемувајќи конкурентноста и квалитетот на животот на своите жители.

**Тематската SWOT анализа за Животна средина**

Животната средина претставува основен ресурс за квалитетен и здрав живот на граѓаните на Општина Новаци, како и основа за одржлив развој на општината. Во услови на зголемени еколошки предизвици, климатски промени и влијанија од човековите активности, неопходно е да се изврши детална процена на состојбата и потенцијалите на животната средина во општината. Преку систематски пристап кон управувањето со природните ресурси, отпадот, водите, воздухот и биолошката разновидност, општината ќе може да обезбеди здрава, чиста и одржлива животна средина за сегашните и идните генерации.

✅ СИЛНИ СТРАНИ

- **Ниска густина на население и пошироки улици:** Новаци има помала густина на население и пошироки улици во споредба со Битола, што овозможува подобра циркулација на воздухот и помала концентрација на загадувачи.
- **Постоење на локални иницијативи за чиста енергија:** Иако не се споменува конкретно за Новаци, во Македонија постојат иницијативи за поттикнување на користење на обновливи извори на енергија, како што е сончевата енергија.
- **Постоење на природни ресурси за одржлив развој:** Новаци има природни ресурси кои можат да се искористат за одржлив развој, како што се земјоделството и шумарството, што може да придонесе за локалната економија без да се наруши животната средина**.**

---

## СЛАБИ СТРАНИ

- **Блискост до РЕК Битола**: РЕК Битола е еден од најголемите загадувачи на воздухот во регионот, иако Новаци е поблиску до него отколку Битола, локалните жители сметаат дека Новаци има помала концентрација на загадувачи.
- **Потреба од подобрување на инфраструктурата за одржлив транспорт**: Недостатокот на развиена инфраструктура за јавен превоз и велосипедски патеки може да доведе до зголемена употреба на автомобили, што дополнително го загадува воздухот.
- **Недостаток на едукација и свест за животната средина**: Потребно е зголемување на свеста и едукацијата на локалното население за важноста на заштитата на животната средина и одржливи практики.

---

## МОЖНОСТИ

- **Развој на обновливи извори на енергија**: Поттикнување на користење на сончеви панели и други обновливи извори на енергија може да го намали загадувањето и да ја зголеми енергетската независност на општината.
- **Поддршка од државни и меѓународни фондови**: Достапни се средства од државата и меѓународни организации за проекти кои се насочени кон заштита на животната средина и одржлив развој.

- **Развој на еко-туризам**: Промовирање на природните убавини на Новаци може да привлече туристи и да придонесе за економски развој без да се наруши животната средина.

---

ЗАКАНИ

- **Променливи климатски услови**: Климатските промени можат да доведат до екстремни временски услови, како што се суши или поплави, што може да има негативно влијание на земјоделството и инфраструктурата.
- **Недостаток на политичка волја за имплементација на еколошки политики**: Недостатокот на континуирана и ефективна имплементација на еколошки политики може да го забави напредокот во заштитата на животната средина.
- **Миграција на млади и квалификувани кадри**: Миграцијата на млади и квалификувани лица во поголемите градови може да доведе до намалување на локалната свест и ангажман за животната средина.

---

**Препораки**:

1. **Развивање на локални иницијативи за чиста енергија**: Поттикнување на користење на сончеви панели и други обновливи извори на енергија во домаќинствата и јавните објекти.
2. **Подобрување на инфраструктурата за одржлив транспорт**: Развивање на јавен превоз и велосипедски патеки за намалување на загадувањето од сообраќајот.
3. **Едукација и подигнување на свеста за животната средина**: Организирање на работилници и кампањи за едукација на локалното население за важноста на заштитата на животната средина.
4. **Промоција на еко-туризам**: Развивање на туристички атракции кои се во согласност со принципите на одржлив развој и заштита на природата.
5. **Соработка со државни и меѓународни организации**: Активно учество во програми и проекти кои се насочени кон заштита на животната средина и одржлив развој.

**Тематска SWOT анализа за комунални дејности во Општина Новаци**

Комуналните дејности претставуваат основа за квалитетниот живот на жителите на Општина Новаци, вклучувајќи услуги како водоснабдување, одведување на отпадни

води, управување со отпадот, одржување на јавна хигиена и инфраструктура. Ефикасноста и квалитетот на овие услуги директно влијаат врз здравјето на населението, животната средина и привлекувањето на инвестиции и туристи. Со оглед на растечките потреби и предизвици, неопходно е да се изврши детална анализа на моменталната состојба на комуналните услуги, нивните предности, слабости, можности и закани.

Оваа SWOT анализа ќе помогне во дефинирање на конкретни активности и стратегии за подобрување на комуналните услуги во Општина Новаци, со цел да се обезбеди квалитетен и здрав живот за сите жители.

---

✅ СИЛНИ СТРАНИ

- Постоење на основна инфраструктура за водоснабдување и одводнување во повеќето населени места.
- Локална администрација со интерес и иницијативи за подобрување на комуналните услуги.
- Присуство на посветен кадар за одржување и управување со комуналните системи.
- Добра соработка со регионални и национални институции во делот на инфраструктурните проекти.

---

⚠️ СЛАБИ СТРАНИ

- Недоволна покриеност со канализациона мрежа во руралните и периферните населени места.
- Остарена или недоволно одржувана комунална инфраструктура која бара обновување.
- Недостаток на современа опрема и техничка поддршка за ефикасно управување со отпад и отпадни води.
- Нерегулиран систем за собирање и селекција на отпад.
- Ограничен буџет за инвестиции во комуналните дејности.

---

🌍 МОЖНОСТИ

- Достапност на финансиски средства преку национални и европски фондови за развој на комуналната инфраструктура.
- Воведување на современи технологии за управување со отпад и отпадни води.
- Зголемување на јавната свест и учество на граѓаните во одржувањето на хигиената и заштитата на животната средина.
- Развој на јавно-приватни партнерства за подобрување на комуналните услуги.
- Потенцијал за воведување програми за селекција и рециклирање на отпад.

---

ЗАКАНИ

- Климатски промени кои може да предизвикаат поплави и други екстремни временски услови, оштетувајќи ја инфраструктурата.
- Недоволна финансиска поддршка и неефикасно користење на достапните средства.
- Зголемување на отпадот и загадувањето со негативни последици врз здравјето и животната средина.
- Ниското ниво на свест и соработка од страна на дел од населението.
- Бавен процес на одобрување и реализација на проекти поврзани со комуналните дејности.

---

**Препораки**:

**1.Инвестиции во модернизација на инфраструктурата:**Приоритетно обновување и проширување на канализационата мрежа и воведување на нови современи системи за водоснабдување и пречистување на отпадни води.

2.**Ефикасно управување со отпад:**Воведување и поддршка на програми за селекција и рециклирање на отпадот, како и организирање редовни едукативни кампањи за подигање на свеста кај граѓаните за правилно ракување со отпадот.

3.**Јавно-приватни партнерства:**Поттикнување соработка со приватни компании за обезбедување на подобри услуги во областа на комуналните дејности, со цел зголемување на ефикасноста и поквалитетна услуга за граѓаните.

4.**Капацитетско унапредување на кадарот:**Обука и стручно усовршување на вработените во општинската администрација и јавните комунални претпријатија за современи практики во управувањето со комуналните услуги.

5.**Оптимизација на финансиските ресурси:**Активно аплицирање за национални и европски фондови и програми за финансирање на инфраструктурни проекти и ефикасно користење на достапните средства преку транспарентно и одговорно управување.

**6.Подготовка и имплементација на кризни планови:**Разработка на планови за справување со екстремни временски услови и итни ситуации, со цел брза реакција и минимизирање на штетите врз инфраструктурата и населението.

**Анекс 3: Извештај од Форум во заедницата**

**ИЗВЕШТАЈ / ЗАПИСНИК**

**Од консултативна средба со жителите на Општина Новаци за презентација на Интегрираниот локален развоен план**

**Датум:** 28 јули 2025 година (понеделник)
**Време:** 13:00 часот
**Локација:** Простории на Општина Новаци

**Присутни:**

- Градоначалник на Општина Новаци, г-дин Стевче Стевановски
- Работна група од Општина Новаци: Координатор Катерина Чукалеска, Игорче Ристески, Мирјана Хаџиевска, Оливера Димитровска, Ирена Поповска Талевска
- Претставници на УНДП: Јованка Стојанова , Александар Стојановски, Ивана Петровска
- Лилјана Јоноски - експерт
- Дваесеттина жители, членови на Работната група

**Тек на средбата:**

Средбата ја отвори координаторот Катерина Чукалеска, која ги поздрави присутните и ја нагласи важноста на интегрираниот пристап кон локалниот развој. Потоа, збор добија претставничките од УНДП, Ивана Петровска и Јованка Стојанова, кои накратко ја објаснија улогата на УНДП во поддршката на Општина Новаци во процесот на изработка на Интегрираниот локален развоен план.

Во продолжение, присутните ги поздрави и градоначалникот Стевче Стевановски, кој истакна дека овој план претставува стратешки документ кој ќе го насочи развојот на општината во следните години и дека за него е клучно да биде изработен во соработка со граѓаните.

Презентацијата на Интегрираниот локален развоен план ја изврши експертот Лилјана Јоноски, која пред присутните ги претстави главните цели, приоритетите и предвидените проекти од планот.

**Дискусија:**

По завршување на презентацијата, беше отворена дискусија за коментари, сугестии и прашања од страна на жителите. Меѓу најзначајните прашања и сугестии беа:

1. **Безбедност во сообраќајот на главната улица во Новаци** – Жителите побараа итно решавање на проблемот со безбедноста, особено за пешаците.

➞ Градоначалникот Стевановски информираше дека е подготвен проект за целосно ново сообраќајно решение во Новаци, кое предвидува изградба на модерни улици, тротоари и сообраќајна сигнализација.

2. **Динамика на реализација на спортско-рекреативната патека Новаци до Манастирот Рождество на Пресвета Богородица** – Градоначалникот одговори дека градежните работи се во тек и дека проектот ќе биде завршен согласно утврдената динамика.
3. **Потреба од изградба на старски дом** – Жителите укажаа на потребата од формирање социјална институција за згрижување на старите лица. ➞ Овој предлог беше запишан како приоритетен за идно планирање.
4. **Проблемот со кучињата скитници** – Присутните побараа Општината да преземе мерки за решавање на проблемот со кучињата скитници. ➞ Градоначалникот најави дека оваа прашање ќе биде вклучено во програмите за животна средина и заштита на животни.

**Заклучок:**

Средбата заврши со заедничка констатација дека Интегрираниот локален развоен план мора да биде документ кој ќе ги одразува реалните потреби на жителите, а ваквите консултации ќе продолжат и понатаму.

Состанокот заврши во 15:00 часот.

Интегрираниот локален развоен план е подготвен од Општина Новаци во рамки на проектот „Јакнење на општинските капацитети за имплментација на проекти“ кој го имплементира Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во партнерство со Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој.
Овој проект е дел од Програмската рамка на УНДП, финансирана од Шведска. Во рамки на програмата исто така се спроведува и проектот „Справување со загадувањето на воздухот“.
Ставовите изразени во овој документ се на општината, и не секогаш ги одразуваат гледиштата на УНДП, Шведска како донатор и на другите партнери во проектот.